**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Блерим Беџети, Абдуладн Вејсели, Тито Петковски, Фијат Цаноски, Наде Станчевска, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Хади Незири и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по Деветтата точка - Предлог за донесување на закон за земјоделство и рурален развој.

Продолжуваме со претресот.

Има збор господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Пред нас имаме Предлог за донесување закон за земјоделство и рурален развој кој со право после извесно време ќе го третираме како устав од областа на земјоделието. Во областа на земјоделството, шумарството и водостопанството во Република Македонија во примена се околу 20 -тина закони и повеќе од 150 подзаконски акти кои се во исклучива надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Постојната законска регулатива која регулира одделни делови од областа на земјоделството, задоволува и има еден одреден степен на применливост.

Меѓутоа во Република Македонија досега немаше основен базичен закон за земјоделството во кој на единствен и сеопфатен начин би биле дефинирани сите поважни сегменти од областа на земјоделството. Закон со кој во основа би се регулирале сите есенцијални прашања кои се однесуваат на планирањето на земјоделската политика и мерките, финансирањето на секторот, институциите, органите итн. Со други зборови овој Предлог за донесување на законот за земјоделство и рурален развој значи дека треба да донесеме во истовреме и устав и манифест и буквар за земјоделството со чија доследна и добра примена треба да се стави крај на сите крајно неповолни состојби во земјоделството во Република Македонија.

Со овој закон треба да отпочне нова ера во земјоделството, најнапред со ставање крај на сите лоши слики кои беа дел од нашето секојдневие. Запуштени и со години необработени земјоделски површини, реколти останати по нивите, несобрани количини на зимска зелка, рани домати, грозје, расфрлани краставици, лубеници пред вратите на институциите, редиците за најобична евиденција на земјоделците, војната за заслужената премија и слично. Овој закон претставува почеток во враќањето на дигнитетот на професијата земјоделец, почеток на почитување на нејзините вредности и валоризација на истите и низ форми на обезбедување пласман на земјоделските производи и низ форми на стимулирање и директна помош за земјоделските производители. Донесувањето и практичната примена на овој закон се значајни и во процесот на приближување и инкорпорирање со западно европската законска регулатива. Ќе направам мала дигресија и низ примерот на Република Хрватска, ќе се обидам да го доближам значењето од регулирањето на оваа законска материја. Наиме во едно неодамнешно интервју на ББС амбасадорот на Европската унија во Загреб ќе каже: на Република Хрватска и посакувам да учи од искуствата на поранешните земји кандидатки за членство во Европската унија. Не би било добро Хрватска да ги почне преговорите со Европската унија со полесните подрачја за усогласување и имплементирање, туку треба уште во старт да се фати во коштец со потешките и посложените поглавја во кои поглавјето земјоделие е едно од најтешките. Почетокот на преговорите Република Хрватска треба да го започне со најтешкото од 35-те поглавја, а тоа е земјоделството и руралниот развој. Подеднакво важно и подрачјето на конкурентност и тоа би бил најдобар пристап во отворањето на преговорите.

Навистина злато вредат ваквите совети ако ништо друго и како начин уште денес да ја разбереме тежината и важноста на овој Предлог закон кој во својата прва фаза го имаме денес и во собраниска расправа.

Законот за земјоделство и рурален развој ги дефинира следните области:

1. Планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој во кое се регулираат актите кои ги носи Владата на Република Македонија заради планирање на развојот на земјоделството и руралниот развој.

За спроведување на целите од членот 3 од овој закон Собранието на Република Македонија на предлог на Владата донесува Национална стратегија за земјоделство и рурален развој согласно што Собранието исто така на предлог на Владата донесува Национална програма за земјоделство и Национална програма за рурален развој. Врз основа на овие акти, Владата на предлог на Министерството донесува акти кои се однесуваат на уредување на пазарите, на примарни и преработени производи. За вршење на стручни работи планирано е формирање на

совет за земјоделство и рурален развој составен од сите релевантни членови од оваа област.

2. Во делот на мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој детално се уредуваат одделните мерки кои се во функција на зачувување на биолошката разновидност во областа на почвите и заштита на животната средина. Предвидено е финансирањето на тие мерки да биде од Буџетот на Република Македонија и со закон утврдени други извори, донации и други извори, а право да ги користат им е дадено на земјоделските стопанства и други правни и физички лица на кои претежно дејност им е земјоделството.

Во делот од Предлог законот, насловен како "Државна помош во земјоделството" дадена е само генерална дефиниција на истото, што претставува државна помош, деталите за тоа во кои услови истата е дозволена, како и начините за нејзино одобрување, е предвидено да се уредат со посебен пропис.

Во делот насловен како "Дополнителна дејност" е предвидено што претставува дополнителната дејност во земјоделството, кој може да биде нејзин носител и на кој начин се добива одобрение за вршење на дополнителна дејност. Прв квалитет на законот и вистинско правење ред во земјоделството носат одредбите од Глава 6, која гласи: Квалитетни ознаки на земјоделските производи.

Во членовите од 35 до 46 се дефинирани категориите: минимален квалитет на земјоделскиот производ, земјоделски производ со повисок квалитет, органски земјоделски производи, интегрални земјоделски производи, земјоделски производи со традиционална посебност, декларацијата што мора да ја поседува секој земјоделски производ кој што е пуштен во промет, ознаките за потекло, како и признавањето на истите.

Исто толку значајна е и Главата 7 од Предлогот за донесување на закон, во која се уредува продажбата на земјоделските производи од семејните земјоделски стопанства со посебен осврт на условите и квалитетот кои треба да ги исполнувааат земјоделските производи за да бидат пуштени во промет.

Во членот 49 се дефинирани условите за употребата на земјоделската механизација и опрема, а во членовите 50, 51 и 52 многу суштинското прашање за формите за здружување на земјоделците. Земјоделските производители можат да користат финансиска поддршка за здружување, вели став 2 од член 50. Член 51 ја дефинира организацијата на производители на примарни земјоделски производители и условите за запишување во регистар кој треба да биде исполнет.

(Претседателот Љубиша Георгиевски влегува во салата и го зазема претседавачкото место)

Во Главата 10 дадена е дефиниција на поимот "јавни услуги" во земјоделството, како и нивно таксативно одредување. Вршењето, планирањето и финансирањето на јавните услуги исто така посебно се регулирани.

Посебно ќе го истакнам делот од законот со кој се регулира една нова, а толку долго очекувана област од земјоделската дејност, тоа е земјоделскиот информативен систем, нешто што во своите земјоделски политики и пракси го имаат сите земји, дури и тие што сметавме дека доцнат во процесите на приближување кон ЕУ - стандардите како Србија на пример. Водењето регистри и бази на податоци со посебен осврт на единствениот регистар на земјоделски стопанства, земјоделската статистика, земјоделскиот пазарен информативен систем - сето тоа е неопходен инструмент во водењето на земјоделската полити и основа за натамошно пазарно вмрежување на сите субјекти и интересенти од областа на земјоделието.

Ќе го потенцирам и делот на мерките посветени на руралниот развој кој што сметам дека му дава вредност повеќе на овој Предлог закон. Мерките за руралниот развој не се непознаница во нашето законодавство и пракса, но досега беа применувани само парцијално и беа со ограничена примена, без јасна одредница и дефинирани критериуми овој важен сегмент беше само дел од институционалната пракса на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, како и на Агенцијата за недоволно развиените подрачја и толку. Во новиот Предлог закон во членот 23 се дефинирани мерките на политиката за рурален развој, кои го поттикнуваат економскиот и социјалниот развој на руралните подрачја, во правец на спречување на процесот на депопулација на руралните подрачја и зачувување на сите вредности во руралните подрачја, кои се дел од природното и културното наследство на Република Македонија.

Со членот 24 поблиску се дефинирани руралните подрачја и тоа врз основа на следните критериуми: релативно малиот број на жители или густина на населеност, како и специфичните социоекономски карактеристики.

Членот 25 ги одредува подрачјата со ограничени можности за земјоделска дејност, а во членот 26 се дефинирани мерките на политиката за рурален развој.

Во членот 30, меѓу другите мерки се наведени следните:

1. Подобрување на управувањето во единиците на локалната самоуправа;

2. Развој на туризмот во руралните подрачја;

3. Поттикнување на микро претпријатијата и претприемништвото;

4. Поддршка на непрофитни и невладини организации кои делуваат во насока на унапредување на руралните подрачја.

Сметам дека треба да се додаде уште еден став кој исто така е транспониран од западноевропското право и важи за неизоставен стандард, а тоа би бил став 5 кој би гласел: "и градење на локални рурални мрежи помеѓу

невладинот сектор, бизнис секторот, централната власт и локалните власти". Во прилог на најавената изработка на Националната стратегија за рурален развој и Стратегијата за рурално вмрежување сметам дека оваа одредба што ја предлагам ќе биде уважена од предлагачот, а сметам дека е посебно важна и заради следните сознанија кои ги имам од извештаите на Европската комисија. Имено, во пресметките за рурален развој на Европската унија за периодот од 2007 до 2013 година, Европската комисија ги утврди и износите за поддршка на рурален развој за земјите членки. Во овој период, значи за период од 2007 - 2013 година, Европската комисија издвојува фантастички 77.600.000.000 евра, од кои една Полска на пример ќе добие помош од 13,2 милијарди евра, Словенија 2007 година би добила 150 милиони евра, а следната 2008 година 140 милиони евра, а Грција во наредниот период ќе има ваква динамика на поддршка на рурален развој: оваа година 460 милиони евра, следната 463 милиони евра, 2011 година дури 650 милиони евра.

Концепцијата за рурален развој и во западноевропското законодавство има своја развојна динамика и во самото поимање на оваа проблематика и во нејзиното практично третирање. Ако после Втората светска војна таа подразбирала консолидација на земјиштето и развој на инфраструктурата, во 50-тите години од минатиот век подразбирала програмско финансирање на фармерство во одредени земји. Ако во 70-тите години во повеќе земји од Европската унија тренд беше обновата и ревитализацијата на селата, во 80-тите години концепцијата за рурален развој е поврзана со програмите за заштита на природата преку промена на еко системите и изградба на рекреативни системи во руралните подрачја. 90-тите години беа одбележани со структурните фондови на Европската унија за рурален развој, со посебен акцент на руралниот развој и регионалниот менаџмент кој што е актуелен и денес. Во најголем број земји од Југоисточна Европа, меѓу кои што е и нашата земја, руралниот развој најчесто е поврзан со развојот на земјоделството. Ве земјите членки на Европската унија се инсистира на регионалниот рурален развој како мултидимензионален и мултифункционален процес, политичко институционален, социокултуролошки, економски и еколошки процес.

Посебен акцент Европската унија посветува на регионалниот идентитет, активниот регионален маркетинг и регионалните брендови. На бројни семинари од областа на руралниот развој на кои што е редовен учесник и нашата земја како во Лајпциг во ноември 2004 година, западноевропските модератори најчесто укажуваат на мултисекторалниот односно интегрираниот пристап што треба да го имаат земјите во третирањето на проблематиката од руралниот развој, наспроти секторскиот каков што најчесто практикуваат земјите од Југоисточна Европа.

Како и да е, законските одредби од неодамна донесениот Законот за рамномерен регионален развој и законските одредби од овој закон, полека но сигурно ја приближуваат нашата земја до западноевропското законодавство, но и до богатите фондови за поддршка на руралниот развој, кои што пред малку ги спомнав.

Одредени забелешки кои ги имам на дел од одредбите на овој закон се дел од една проблематика со која ќе се соочуваме редовно во донесувањето и имплементацијата на законите со европското знаменце, а тоа е т.н. техничка адаптација на националното законодавство со западноевропското. Проблем со кој се соочија и Република Словенија, и Бугарија, и Романија. Имено, дел од одредбите што за прв пат се носат бараат и многу прецизна техничка преводливост, но и голема практична спроводливост. Почесто ќе се среќаваме со поими и одредници кои до скоро биле само мислена именка во праксата на нашата земја.

Од тие причини, сметам дека може да се подобри содржината на текстот во делот од членот 28 став 1, во кој наместо содржината: "поттикнување на земјоделското земјиште кое придонесува за подобрување", треба да стои: "поттикнување на користењето на земјоделското земјиште на начин кој придонесува за подобрување, зачувување и унапредување".

Имам забелешки и за член 37 став 1 во кој се дефинира категоријата "земјоделски производ со повисок квалитет", во кој се вели дека "тие производи со своите специфични карактеристики се подобри од истородните земјоделски производи и од нивниот минимален квалитет", што како одредница е помалку непрецизна и дисквалификувачка. Сметам дека предлагачот може да најде посоодветно дефинирање на оваа категорија.

Во делот од овластувањата на Државниот инспектор за земјоделство, ветеринарниот инспектор и инспекторот за храна, сметам дека неизоставно треба да стои одредницата "и врши најавени и ненајавени контроли". Иако дејноста на овие служби е дефинирана и во други акти, сметам дека заради заштита и примена на оваа толку важна законска материја мораме на надлежните служби да им одредиме и задачи и овластувања кои нивните служби навистина ќе ги направат да бидат функционални.

Во пресрет на донесувањето на овој закон, Владата веќе има проектирано и серија мерки од доменот на земјоделството, кои со одредбите од овој закон полесно ќе се применуваат и ќе ги поправаат состојбите кои беа дел од нашата досегашна земјоделска пракса.

Само еден дел од мерките би спомнал, кои со овој закон ќе се оживотворат и полесно применат во пракса. Мерките на директна финансиска поддршка на пример и тоа преку конкретни бројки и конкретни програми. Во 2007 година Владата на

Република Македонија во Буџетот обезбеди средства во вкупен износ од 1.132.000.000 денари, наменети за развојни мерки во земјоделството. За реализација на овие средства Секторот за земјоделсво во Министерството изработи повеќе поттикнувачки програми со предлог мерки, како што е Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година со поддршка, во вкупен износ од 867 милиони денари, што се всушност средства за директна поддршка на земјоделците. Со почетокот на идната година за Република Македонија се отвораат можности за користење на претпристапните фондови на Европската унија, со што можноста за финансиска поддршка на сите земјоделци, па и на тие во руралните области ќе биде практично остварлива. Владата и Министерството имаат и концепт и развоја програма за руралните области, преку одредени стимулации и повластици кои значат намалување на стандардните критериуми за добивање на земјоделска помош. За земјоделците од руралните појаси предвидени се и до 50% олеснети критериуми од стандардните, што во пракса би значело следново. Имено, и малите производители кои имаат само по 2 грла добиток или неколку декари земја, рамноправно и недискриминаторски ќе можат да аплицираат и да добијат финансиска помош, преку агенциите за унапредување на земјоделството ќе им биде овозможено на земјоделците да добијат помош при изготвувањето на своите бизнис планови и аплицирањето до одредени фондови.

Мерките за поддршка на органското земјоделско производство, што оваа година беа востановени, веќе покажуваат резултати. Оваа специфична земјоделска гранка што до лани просто не функционираше, оваа година покажува нагорна линија и интерес од 230 ново пријавени органско земјоделски производители. И во доменот на откупот земјоделските производи и на планот на анимирање на странски компании кои би учествувале во делот од прометот на земјоделските производи наменети за извоз, повеќе од извесни се многу скорешни реализации на тој план.

Од тука и мојата подршка за донесувањето на овој Предлог закон за рурален развој, бидејќи претставува и прв обид за синтетизиран закон, кој содржи применлива методолошка рамка за развојот на земјодлеието, но претставува и вистинска база и појдовна основа за бројните законски норми од областа на земјоделството кој допрва макотрпно и трпеливо ќе треба да ги приближуваме и усогласуваме со напредното западное европско право.

Почитувани коелги занимањето со земјоделство во Република Македонија бара и многу умешност и знаење, но и многу трпеливост и макотрпност. Само со таков темелен пристап од законодавството, од земјоделството ќе можеме да им помогнеме на земјоделците во нашата држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за земјоделство, со којовде во последно време често се среќаваме и имаме прилика да дебатираме за вашите предлози и затоа решив јас да земам учество во оваа расправа, иако, реално немам некои голми познавања од оваа област која вие ја покривата, но секогаш може секојод нас да даде одреден придонес во дадено време, за да се подобри некој текст на законот, со единствена цел да може подобро да се реализира за самите граѓани, за оние за кои всушност, ги носиме законите.

Затоа, јас сакам на почетокот искрен да бидам, да ве пофалам господине министре. Зеамв некои документи горе во мојот кабинет, каде што видов дека за оваа и претходната година, од почетокот на владеење на оваа коалиција, искрено донесовете 5 битни закони за вашата област, што е за поздравување.

Јас бев и во претходниот мандат, овој рресор кој вие го водите, реалноне работеше со тоа темпо и со тој интензитет. Тоа треба да се нагласи. Реално со тоа, вие како министер во овој период, треба да се гордеете. Работевте одлично во тој правец. Немојте сега и сите пофалби што дојдоа и од опозицијата и од сите пратеници кои говореа овде во Собранието да ви го промени правецо ти размислувањата и да ве успие нанекој начин и тука да застанете. Туку, тоа треба да ви биде мотив и елан, уште повеќе, уште подобро да работите и да ги усогласувате законите со европското законодавство. Значи, добронамерно ќе ја прифатите мојата критика према вас, бидејки ве почитувам заради тоа.

Почитуван господин министер, сето она што го доставивте и овој обемен закон за земјоделството и рурален развој пред нас пратенциите, всушност значеше усогалсување на нашето законодавство со европското.

Впрочем, тоа е и наша обврска,како држава,како Парламент да гоправиме. Затоа, од самото тоа произлегува консензусот на некој начин кој е токму за вашите законски предлози овде во Собранието.

Јас мислам дека,односно нашата пратеничка група, која без сомнение дава подршка на овој законски проект, бидејки ние сите закони кој го носат амблемот на Европската унија, апсолутно гиподржуваме и од друга страна имавме една одлука, каде што како највисок орган на партијата, каде што псоебно баравме законите да се носат во две фази.Она што токму вие денеска ни го понудивте со ова законско решение. И за тоа треба дополнително да бидете поздравени и јас и вчера слушајки ги колегите, кои дирекно можат и знаат да учествуваат во оваа расправа и да дадат одредени сугестии, колегите кои се членови и на Матичната комисија, каде што јас вчера го разгледав и извештајот. Видов дека нависитна во матичното тело овој закон бил сериозно

разгледуван. Тоа всушност, ќе биде и тежиштето на идната работа на Парламентот и комисиите. Таму може да произлезе нај сериозна и најпрофесионална да речам, дебата на луѓето кои директно се врзани со струката. Да гикажат своите видувања, своите забелешки. Но, не е на одмет и ние останати пратенициовде на пленумот да додадеме нешто. Да ви посочиме нешто, да ви укажеме, сето тоа е добронамерно, почитуван господин министер.

Јас околу текстот нема многу да говорам, бидјеки, тоа не е моја област. Ќе ви дадам само две забелешки и ако вие понатаму цените засходно да ги прифатите, или не, тоа е ваше право. Меѓутоа, мое право е да сугерирам добронамерно.

Од вчерашната дебата од некои колеги забележав дека ова е многу битен закон и салата била празна. Да бидам искрен, јас еве овде се обраќам кон вас. Вие сте предлагач на овој документ. Вие треба да ни го доставите во рок од 60 дена деловнички во втората фаза.

Значи, воопшто не треба да водиме, да речам вулгарно грижа. Значи, во принцип се обраќаме кон вас како предлагач на ова законско решение и се обраќаме на граѓаните за кои е наменето ова законско решение. Крајниот бенефит треба граѓаните на Република Македонија да го имаат од ова решение.

Добро е, потенцирам, одлично тоа што се усогалсува со европското законодавство,но пред се, законите треба да важат за нашите граѓани. Имаме тука различни матрици, да бидеме искрени и отворени со граѓаните од Европската унија. Имаме различни стандарди на некој начин со граѓаните на Европската унија и за тоа треба да водиме грижа. Затоа, еве вчера и денеска колегите пратеници укажаа, можеби е пропуст, тоа вие најдобро го знаете бидејки Министерството и инфраструктурата во вашето Министерство работела на усогласување со европските стандарди и директиви.

Јас сакав ако ми дозволите да цитирам еден член, каде што реално би барал, ако има простор, тука нешто да се промени. Од сите дискутанти вчера, а и денеска слушнавме дека покрај ова што вие го носите закон за земјоделство и рурален развој,како централна власт, многу е битно, на некој начин, иако имаше и други размислувања и локалните власти да бидат инволвирани. Не вонекој голем обем, туку во оној обем, во кој искрено имаат одредени надлежности, ако имаат и да имаат некоја шанса да можат да се чувствуваат како дел од оваа законско решение. Зошто ова го зборувам? Слушнав вчера една мисла. Реално, локалните власти, господине министре се поблиску до граѓаните. Односно така треба да биде, така е проектирано. Градоначалниците да бидат поблиску до граѓаните, оние кои подиректно ги избираат. Бидејки сепак, централната власт не може да го има тоа темпо и тој интензитет како локалните власти и советите на општините. Затоа, во членот 24 Владата кажува за рурални подрачја. Цитирам: “рурално подрачје е географска целина која се дефинира врз основа на следните критериуми. Релативно мал број на жители или густина на населеност и специфични социјал-економски карактеристики”. Тоа е во ставот 1.

Во ставот 2 се кажува: “критериумите од ставот 1 на овој член, поблиску ги уредува Владата на предлог на министерот”.

Понатаму, во некои членови, на пример во членот 30,повторно ќе се навратам на членот 24 да ја кажам всушност, мојата поента. Во членот 30, каде што се говори за други мерки на рурален развој, се кажува дека другите мерки на рурален развој се насочени кон подобрување на управвуањето на единиците на локалната самоуправа, што вие и самите го кажувате во овој член. И подобрување на локалниот економски развој. Развојот на туризмот во руралните подрачја и т.н. Потоа, во членот 31 државна помош во земјоделството,каде што се дефинира што всушност значи таа државна помош. Во земјоделството се кажува таа државна помош, секоја помош доделена од Владата, органите на државната управа, или единиците на локалната самоуправа за производство, преработка и т.н., да не го цитирам целиот член.

Значи, веќе вие на некој начин, јас како ве разбирам, ги разигрувате, ги вклучувате.

Навраќајќи се на ова што го реков во членот 24, тоа ќе биде мојот одреден коментар по однос на текстот, дали има простор, тука да се вметне во некоја консултација со органите на локалната самоуправа, советите, градоначалниците и било како. Тоа повторно вие најдобро можете да го кажете, бидејки вие како Министерството говорам сега, директно сте учествувале во препораките кои доаѓаа од Европската унија. Јас го ставам како мое размислување, како моја дилема, иако има простор да се вгради во самиот текст.

Еве решив да дадам свој придонес во оваа расправа. Тоа беше конкретно моето видување околу некои членови, мое размислување како би можело на некој начин локалната самоуправа да биде дел од ова решение.

Реално мислам почитуван министер дека Република Македонија најмногу и најдобро може да егзистира од земјоделството, а потоа и од туризмот. Ние како држава, реално не можеме да развиваме високи технологии, но овде, можеме да направиме одличен разултат и да имаме одличен резултат. Токму во моментот, вие сте најповикан како прв во ресорот земјоделството. Затоа, покрај тоа што интензивно работите на донесувњето на законите, на актите и ги усогласувате со Европската унија, би било добро,откога тоа ќе се направи,от ког ана некој начин ќе се заокружи таа целосна правна рамка во вашата област, да ја размрдате и вашата служба малку на цела територија на Република Македонија да тргне директно на терен, едноставно да ги дознае сите проблеми кои се среќаваат. Бидејки пред некој ден, ние го донесовме Законот за регионален

развој, иако не е од вашиот ресор, меѓутоа, јас лично гледам и некоја поврзаност. А тоа го кажувате и во тој член,кој го цитиравте овде во законот и има голема релација меѓу тој и овој закон. Мислам дека треба во тој правец да се движиме и да размислуваме.

Така да јас ќе земам пример од она што се говореше за една општина Старо Нагоричане која е огромна по територија, а е многу ретко населена со луѓе. Многу мал број на жители, а огромна територија, која е одличен земјоделски потенцијал и сеуште неискористена. Дури и кога ќе одите таму луѓето тоа ќе ви го предочат. Иван, ние не можеме овде да ги браниме нашите интереси во нашата општина бидјекинемаме никакви механизми тука. Мораме да одиме секогаш во Куманово како прва соседна општина и таму да рзговараме за нашите проблеми. Па дали ќе дојдеме на ред, па како тоа ќе се одвива и тоа како дилема го пставуваме. На пример, добро е понатаму откако ќе го донесеме комплетно ова решение и во втората фаза да се размислува во тој правец. Да се отворат таму, во тие рурални подрачја каде што ќе се установи, согласно одлуката на Владата вашиот предлог, евентуално да решите да се вклучи и локалната самоуправа, да се отвори таму на пример одредена канцеларија во која ќе можат едноставно, граѓаните од таа општина да си ги изборат своите интереси. А тие верувајте, над 70% се определени за тоа. Тие немаат друга шанса, друга можност за своја егзистенција. На пример, ова го пренесувам како едно нивно размислување конкретно до вас како ресорен министер. Затоа говорам, отпосле да се разиграат сите механизми и структури кои ги имате во Министерството. Или на пример, да земам еден друг појас. Говорам горе долу во близина на мојата општина појасот на постариотпат према Куманово и Скопје. Имаме три населени места, Љубодраг, Уминдол и Ново Село. Таму на пример, бев во посета на едно претпријатие кое се занимава со производство на свежа храна. Ми остави човекот и целата таа организација одличен впечаток. Дека сепак, човекот направил нешто. Меѓутоа, во последно време се соочува со одредени проблеми. Можеби јас лично како пратеник и не можам толку да му помогнам. Можам да го сослушам. Но вие, согласно овие директиви што ги носиме со овој закон, може да се изнесе на терен и можеби ќе се најде можност за таквите претпријатија. На тие луѓе, кои реално прават нешто, се обидуваат, државата д аим излезе во пресрет. Едноставно тоа го бараат. И тој свој конечен производ, да го пласираат полесно. Прво, во Република Македонија , а зошто да не и надвор од границите на Република Македонија. Државата на некој начин да им помага на тие луѓе, да им дава поттик на тие луѓе кои се решиле на таков чекор. И воиднина, и во наредниот свој животен период со тоа ако планираат да се занимаваат. Затоа кажувам одредени примери, почитуван минситер, затоа што сум се среќавал и на некој начин имам шанса да гокажам бидејки јас не сум дирекно член на Матичната комисија која е надлежна, но еве, од оваа говорница и имам за право тоа треба да го искажам и да ви го предочам. Јас верувам дека вие сето тоа добронамерно ќе го земете како да речам некој мој совет.

Затоа почитуван министер, да не должам многу. Воедно, да оставам простор на останатите колеги кои ќе гикажат своите видувања и своите размислувања. Значи, повторно ве охрабрувам, да продолжите со тоа темпо на носење на овие закони, бидејки тоа е потреба за Република Македонија, тоа е потребно за сите граѓани на Република Македонија. Од друга страна, откако ќе се донесат да правите сериозни напори тоа да се имплементира, посебно на оние на кои им е потребно во руралните средини и да ја вратиме онаа слика во изминатите 15 годни каде што имавме една миграција од селските подрачја во градот. Па градовите станаа претесни сите да ги примат. Ајде сега со овој закон, со Законот за рамномерен регионален развој, полека да се одидуваме тоа да го исправиме на некој начин и да ги вратиме луѓето таму каде што им е местото и таму каде што можат да си ги остваруваат своите економски интереси. Верувам дека можете тоа во Министерството и да го направите.

Затоа, уште еднаш ќе повторам дека пратеничката група на НСДП, апсолутно дава подршка на ова. Јас лично ве повикувам, сега на некој начин да не се вообразите почитуван министер, да продолжите со тоа темпо. И да си ја завршите коректно вашата обврска која ви е зададена како министер за земјоделие. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор побара господинот министер за земјодели, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Јас на самиот почеток повторно би искажал една благодарност до сите предлози за подобрување на текстот на Предлог на законот за земјоделие и рурален развој, затоа што како што многу дискутанти тоа го истакнаа, и мило ми е што и тоа се согледува дека ова е еден од најбитните закони во земјоделието. Она што сакам само на кратко само да го истакнам, затоа што ова е фактички коментар и на повеќе дискутанти кои што дискутираа на лингот помеѓу единиците на локалната самоуправа и централната власт во областа на земјоделието и руралниот развој .

Она што можам со сигурност да ве уверам дека овој закон е целосно усогалсен со законската регулатива и препораките на Европската унија, и ако се земе во предвид дека таму основа на функционирањето се токму единиците на локалната самоуправа, затоа што тие, и само тие најдобро си ја познаваат реалната ситуации и имаат посебни планови за развој на својата локална средина. Значи тој линг треба да биде толку близок, за да би можело да се имплементираат сите овие мерки, со кои планираме во иднина да ја развиваме руралната средина. Затоа можете да забележите дека во секој член е предвидено некаков линг со

локалната самоуправа, се со цел, да добиваме информации директно од локалната самоуправа и да можеме ним директно да им го пренсуваме. Затоа што донесувањето на овој закон ќе води до можност за користење на средствата од претпристапните и од европските фондови кои треба да се пласираат токму во локалната самоуправа и тој линг мора да биде на највисоко ниво, не тоа што го бара Европа, туку тоа е и нашата реалност.

Тоа што во членот 24, точно, се предвидува дека руралните подрачја како географска целина што се дефинира врз основа на седните критериуми: релативно мал број на жители или густина на населеност и специфичните социо-економски карактеристики. Фактички, овие критериуми се превземаат директно од претпораките на Европската унија, а она што јас лично го знам, дека според тие критериуми во Македонија, само градот Скопје нема да биде рурално подрачје. Сите други региони во Македонија ќе влезат во таа категорија на подрачја што ќе можат да ги користат европските фондови за руралнот развој.

Уште еднаш, на крајот само би потенцирал дека линког на овој закон со локалната самоуправа е на највисоко ниво. Сите канцалации на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што со Одлука на Влада е носечко Министерството за овој рурален развој, фактички ќе се стават во функција на спроведување на политиката на Владата и на Европската унија за искористување или за вкупниот рурален развој во секоја локална единица.

На крајот би завршил со уште една благодарност до сите конструктивни предлози и дополнувања и добри сугестии, се со цел за подобрување на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Киров, вие баравте реплика?

Повелете, имате реплика.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги претеници , почитуван министре,

Би реплицирал на колегата Иван Анастасовски за неговото излагање. Колегата конкретно не се задржа на Законот, односно за подобрување на текстот на законот. Неговото обраќање беше повеќе како пофалба на работата на Министерството односно на министерот.

Точно е дека има закони што се добри, но мислам дека како опозиција имаме доста кажано дека законите што ги донесуваме во сферата на земјоделието, со знаменцето на Европската унија , иако имаме доста забелешки, ги подржуваме, бидејќи се во интерес на земјоделците во Република Македонија односно за развивање на земјоделието, односно за повторно вклучување на Македонија во Европската унија.

Само би се задржал околуј руралните подрачја, како што кажа колегата Иван, мислам дека беше ЦЕН 24 и давање односно соработка со локалната самоуправа. Колега Анастасовски, да ви кажам, бидејќи јас малку подобро ги следам овие работи во сферата на земјоделието, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, секогаш го спомнувам или го додава во некои реченици, во некои членови, во некои подакти, ја додава локалната самоуправа. Но секогаш, локалната самоуправа ја користи како соучесник во одредена работа. Никогаш локалната самоуправа не е третирана како единица што треба да биде помогната од централната власт.

На крајот би сакал да кажам за развивање на руралните подрачја. И покрај сите закони што ги донесовме не се пет, мислам дека се повеќе, нашите забелешки, на опозицијата, а мислам едка и вие ќе се согласите се дека имаме донесено еден закон не од сферата на земјоделието, туку кога го укинувавме пензиското, инвалидското и здравственото осигурување на овие луѓе од ридско-планинските односно од помалите рурални средини.

Покрај тоа што ја фалиме Владата кога имаме таква дискусија, треба да ги искритикуваме и да им кажеме дека тоа не е добро за развивање на овие општини или за опстанок на населението или за задржување на тие луѓе во тие мали средини. Тоа значи дека треба да бидеме и критични и самокритични.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Филипова повелете со вашата реплика, три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувни присутни,

Јас би имала реплика на министерот за земјоделие.

Во неговото појаснување истакна дека Владата би имала линк со локалната самоуправа и е за размена на информации и соработка со локалните единици.

За каков линк, господине министре се работи, кога не постои линк помеѓу вас и нас пратениците? Веќе неколку дена барам прием кај вас. Сигурно сте запознати со тоа. Сакам да ве запознам со случувањата во руралните средини во Источна Македонија околу изборот на органи, изборот на членови во ХМС “Злетовица”, а вие не можете да овозможите средба на еден пратеник од Собранието со вас. А, за линк со локалните самоуправи, не станува збор.

Дали дека сум пратеник од опозицијата, дали дека сум пратеник од СДС се однесувате така господине министер? Сакав најдобронамерно да ви ја врачам информацијата и да ве запознам со случувањата таму.

Да, да , меѓутоа, вие не најдовте време и покрај тоа што сте овде во Парламентот, веќе 2-3 дена да поразговарате со мене. А, знаете што се случува, многу добро сте запознат. Затоа што еден од поддржувачите на тие работи сте вие.

Се случува уништување на ХМС “Брегалница” со некопетентни органи, со нелегитимно избрани

делегати. Се случува губење на угледот и довербата на Светска банка и од Холандската влада кои се донатори и даватели на кредитот за рехабилитација на овој хидромелиоративниот систем. А вие, не најдовте време за еден од најкапиталните објекти во македонското земјоделство, можеби и најголем по вредност, ниту да ме сослушате, ниту да поразговарате. А, зборувате овде за линк со локалната самоуправа? Дали тоа значи дека со ВМРО-ските локални самоуправи или од сегашната позиција.

За жал, и покрај најдобрите намери од моја страна не бев сослушана од вас господине министре.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика има министерот за земјоделие.

Повелете господине министре.

**Ацо Спасеноски:** Јас лично ви се извинувам што не успеав во минатите два-три дена да ве најдам, затоа што мораше да бидам на Парламент и да ги бранам законите. Еве, уште едно извинување.

Ако денеска завршиме побрзо, после завршувањето на оваа седница можеме заедно да дискутираме за проблематиката на “Брегалница” затоа што доста добро ја познавам доста добро знам што затекнав таму. Еве, уште едно извинување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Сега збор има госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги,

Последен момент, или краен момент е нешто да се преземе во оваа област, бидејќи секако треба да се направи подобрување на фактичката ситуација. Овој Предлог на закон е чекор што води кон тоа подобрување, се надеваме, на оваа фактичка состојба што постои во нашата држава. Добро е овој Предлог на закон што нуди можност за менување на ситуацијата во оваа област, сите знаеме дека се поседуваат многу ресурси, многу природни богатства, а имаме и човечи ресурси, меѓутоа, како и секогаш, ни недостасува вистинското правилно менаџирање во оваа насока.

Според мојата анализа, иако немам доволно познавање во оваа област, при анализата на Предлогот на закон констатирав дека во целост или во целина има еден недостиг што се се однесува на власта, на локалната власт, додека на централната власт, а локалната власта е заобиколена, или запоставена. Кога знаеме дека ова на директен начин локалната власт е директно заинтересирана за развој на областа земјоделие. Секоја општина, секоја област има повеќе познавање за својата област, за својот регион, ја познава проблематиката, секогаш има личен интерес за развој на истите.

При изготвување на општата стратегија мислам дека секако треба да се вклучат и претставници на локалната власт кои подобро ги познаваат можностите и ресурсите за развој на оваа сфера во нивиот регион. На овој начин ќе може да се елиминираат, колку-толку сомнежите за развојот на оваа област на тој начин што тоа ќе биде колку е тоа можно порамноправно. Затоа што на овој начин ќе се елиминира фактот да сите региони нема да бидат рамноправно вклучени.

Напротив. Сите региони ќе бидат, колку е можно, поусогласено вклучени во ова поле на дејствување. На овој начин и одговорноста за успехот или неуспехот на развојот и реализацијата на Националната стратегија за земјоделство ќе се подели.

Затоа што, инаку, со Предлогот на законот, констатирам дека има многу работи или прашање кои што не се добро утврдени. Меѓутоа, и детализирани. Туку, се воопштени, изготвени. Тоа значи стратегијата, правилата на развој на руралниот развој според мојата констатација се многу општи.

Без детализација, без утврдувања што поттикнуваат сомневања во постоење на фактот дека овој Предлог на закон може многу лесно да се злоупотреби од страна на институциите или поединците, што на субјективен начин,тие кои се привилегирани ќе ги злоупотребат своите позиции, со тоа што некоја територија ќе добие приоритет во однос на друга што ќе ја запостават. Тоа често пати се случува во деловите каде е поголемо албанското население.

Така, на начин за да не се направи малверзација на финансиските средства на руралните места, на рамноправен начин, поради оваа причина, изразувам мислење дека треба да постои инспекција што ќе го контролира начинот, ќе ги контролира методите, условите и искористените средства за развој на земјоделството на сите региони на усогласен начин. Според овој Предлог на закон, констатирам дека агенциите за финансирање на земјоделството и руралниот развој, финансиите на државата, се сомневам дека овие финансии ќе стигнат до нивната цел.

Затоа, во интерес на развојот на земјоделието, во интерес на усогласен рурален развој, хармонизиран развој, треба да се планира формирање на една широка комисија составена од повеќе членови од локалните заедници, на начин, колку е можно покоректно да се контролира трошењето на средствата од земјоделството и средствата на рурален развој. Тој треба да биде рамоноправен на целата територија на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓо Кадриу Флора, имате реплика, повелете вашите три минути.

**Флора Кадриу:** Да се има храброст и морално право да се дадат забелешки или критики, во прв ред треба да се биде самокритичен и треба да се направат детални, продлабочени анализи, за работата што ја имаат направено токму лица што се поставени на вакви функции како што е еден

министер, токму поставен од редовите на вашата партија, во 4-годишниот период кога вие бевте на власт, кога вие ја имавте оваа област и кога на ова поле не се докажа вашиот министер со некои резултати или успех.

Овој закон, всушност, претставува еден прекрасен модел на приближување на нашето законодавство кон Европското законодавство.

Имајќи ја предвид потребата од реформи, токму во оваа општествена област, како една од најзначајните, несфатлива е вашата дискусија или е нелогично вашето размислување. Треба да се разбере дека има потреба од промена на околностите и условите во оваа насока и треба да се сфати токму реалноста. Потребата од трансформација, промените во сите области, посебно во областа на земјоделието, а со тоа и промена на самите себеси. Да се говори негативно во моменти кога Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство прави еден значаен чекор за подобрување на состојбата во земјоделството и состојбата на земјоделците во Република Македонија, земајќи ги предвид сите проблеми со кои се соочува ова Министерството, што се акумулирани години со ред, токму како резултат на неефикасната работа и непрогресивната работа, би рекла, на поранешниот министер.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Јакупи Зумрете, контра реплика.

Повелете вашата минута.

**Зумрете Јакупи:** Затоа колку е значајно за вас земјоделците, видовме колку земавте збор да говорите. Тоа е прво.

Второ, успесите на поранешната Влада и за Министерството кое беше наше се покажа од довербата што ни ја довери народот. Мислам дека вие заборавате каде се наоѓате сега, за тоа што сеуште мислите дека сте опозиција и се уште ги критикувате министрите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Колеги пратеници, уважен министре за земјоделие,

Дозволете да искоментирам некои свои видувања околу потребата за донесување на овој закон и околу тоа каков закон и треба на Македонија.

Со оглед на фактот дека со потпишување на Договорот за асоцијација и стабилизација Македонија презела обврски дека ќе го усогласува своето законодавство со европското, а во областа на земјоделието кај нас мислам дека се во употреба околу 20-на закони што на ваков и таков начин ја регулираат оваа област и една голема низа на подзаконски акти, очекував дека овој Предлог на закон што го гледаме чија потврда треба да ја утврдиме, ќе биде еден кодекс, кодификација на сето она законодавство. Дека ќе се воспостави ред во една гранка од која што Македонија очекува многу и во која што навистина има големи потенцијали.

На нашиот пат кон Европа сигурно дека оваа гранка треба да биде многу повеќе експлоатирана, многу повеќе искористувана, затоа што тоа е наш навистина голем адут, меѓутоа, стандардите на Европа се високи. Сега се поставува прашањето каков закон, каков концепт на закон ни треба за од една ваква состојба во која се наоѓа нашето земјоделие да достигнеме ниво на европски стандард.

Внимателно го прочитав законот, потребата не ја спорам, меѓутоа, кај мене се јавува едно прашање дали е вистинскиот концепт, дали се вистинските решенија. Дозволете ми да искоментирам некои одредби, со цел во оваа фаза да дадам придонес во изготвување на подобар текст на законот.

Ќе почнам од членот 2, кој е еден уводник односно поимник во законот, каде што треба да бидат расчистени сите поими во предлогот. Во точката 3 се вели: “земјоделска дејност е активност од областа на земјоделството, ловот, шумарството, утврдени во прописите за национална квалификација на дејностите, освен ветеринарни и фитосанитарни дејности”. Сега се отвора прашањето дали е потребно строго да се дефинираат активностите од областа на ловот и шумарството, бидејќи тоа се две големи посебни стопански области, кои не мора, а можеби и не смеат да се опфатат со овој закон, односно со закон од областа на земјоделието. Тие се третирани со Законот за шуми и Законот за ловство. Од друга страна пак како аргумент би посочила дека заедничката аграрна политика на Европската унија шумарството го одвојува како посебна гранка заради комплетната дивергентност меѓу двете области, особено во така викана борба за површини, секогаш познато е дека во светот и кај нас се води борба меѓу шумарството да речам и земјоделството за зафаќање на површините. Земјоделските површини се со сеча итн, недозволени активности, се борат за да навлезат во делот на шумите да добијат поголеми обработливи површини и обратно шумарството има тенденција, има тежнеење што повеќе области да ги пошуми. Во последно време имавме случаи на подметнати пожари од страна на земјоделците, фармери итн, се со цел да се освојат поголеми површини и добро треба да се размисли дали овие области треба да стојат во еден ист закон.

Мерките кои се пропишуваат за зајакнување на руралниот развој, кои се наведени и во законот, се преземаат од заедничка аграрна политика, фармерстово, сточарството и шумарството се тртираат како одвоени стопански гранки. Значи во европското законодавство тие се третираат како одвоени стопански гранки во првата така викана “оска на мерки”. Во однос на ова прашање навистина во втората фаза да се разгледа и да се изнајде подобро решение.

Во истиот член во точката 6, кој се однесува на земјоделскиот преработен производ се

спомнуваат водата за пиење и шумските плодови. Дали со севкупната земјоделска активност се влијае на количеството и квалитетот на водниот режим, дали тоа влијание е позитивно или негативно, а со оглед на фактот дека шумите се тие кои што позитивно влијаат на водниот режим, количеството и квалитетот на водите, ценам за потребно дека водата за пиење и шумските плодови треба да бидат исфрлени од овој закон, бидејќи се опфатени со Законот за шуми и други закони кои се блиски со овој закон.

Во точката 15 на истиот член дефиницијата за рурална област, се поставува прашање колкав број на жители треба да има таа рурална област. Оваа дефиниција е многу општа и мислам дека е податна за манипулации колкава област со колкав број на жители може да се цени како рурална област и дали не е потребно и целисходно да се предвиди горната граница на број на жители според кој би се рачунала за рурална општина.

Ценам дека има определена недоследност во членот 10. Таму се дефинира советот за земјоделство и рурален развој, каде што се предлага да има по три члена од здруженијата од областа на земјоделството, три члена од стопанските комори. Со оглед на фактот дека и стопанските комори сами по себе се здруженија, потребно е попрецизно да се дефинираат лицата односно членовите во овој совет и предлагам тоа да бидат три члена од примарното земјоделско производство, односно оние кои директно работат на производство на земјоделски производи и три члена од прехранбено преработувачкиот комплекс, односно оние кои го користат земјоделското производство за своја преработка. Така ќе се направи еден затворен круг на сите оние кои што треба да дадат квалитетен земјоделски производ и преработен земјоделски производ. Целта е и овој совет треба да постои заради баланс меѓу производството и преработката на земјоделските производи и секогаш новите стандарди за производство на земјоделски производи што полесно и поефективно да се имплементираат. Ценете го овој предлог, разгледајте го, доколку го прифатите мислам дека ќе дојдеме до подобар совет.

Во членот 16 - за директни плаќања се споменуваат хектар земјишна единица, земјоделски производ, грло добиток. Меѓутоа, не се споменува пчелно семејство, риби итн. Како ќе ги стимулираме овие, зошто се исфрлени, бидејќи нивните производи не се дефинирани во овој закон и најмалку што треба ценам дека треба да се спомене едно пчелно семејство, регистриран рибник, или доколку се работи за репро центар во рибарството по број на рибни маси. Значи да се внесат и овие во законот.

Во членот 19 - мерки на ограничување на производство, дали постои можност на системот за управување со квоти, се поставува прашање, да биде натамошна отворена врата за можни манипулации. Зошто ова го велам? Македонија за прв пат регулира систем на квоти. Во Европската унија се познати овие системи, ние сега ќе почнеме да градиме таков систем. Дали со една одредба сме сториле доволно овој систем да го развиеме, меѓутоа, да не оставиме простор за било какви манипулации. Мислам дека овој систем на квоти треба да се поправи прецизно, да се доработи онака како што е тоа во европското законодавство.

За членот 24 кажав уште во уводникот дека треба да се дефинира максималниот број жители за да биде едно подрачје рурално географско подрачје.

Сега би се осврнала на две глави, на Главата 6 од законот, каде што се дефинира квалитетот на земјоделските производи и нивната контрола. Во ниеден дел од овие членови не се споменува методот на контрола на квалитетот, односно соодветноста на земјоделскиот производ. Најмалку што треба да се стори во членот 46 е да постои зборот “акредитирани методи”, со кои ќе се овозможи контрола на соодветноста на земјоделскиот производ, да биде прифатен не само во земјата туку и надвор од неа. Ако веќе се дава можност на министерот да ги пропишува методите и постапките за утврдување на соодветноста на земјоделскиот производ, што е сторено во соодветните членови, тоа секогаш треба да се прави со најдобри методи кои се акредитирани во лаборатории каде што постојат адекватни стручно образовани лица и резултатот ќе биде прифатлив, односно ќе добиеме соодветен систем на контрола. Бидејќи целта на целиот овој закон е да се добие земјоделски производ со квалите кој ќе може да се пласира не само кај нас, туку да се пласира и надвор од земјата и затоа е недопуштено во ваков закон да не постои акредитираност на методите за соодветноста на земјоделскиот производ. Мислам дека во оваа глава е направен пропуст и треба да се преработи, а моите сознанија кажуваат дека и од одредена стручна јавност е сугерирано истото.

Во Главата 10 - Јавни услуги воопшто не се споменува во кореспондентните табели дали ова е усогласено со легислативата на Европската унија и се поставува прашање дали овој дел - Јавни услуги е усогласен, бидејќи во кореспондентните табели никаде нема дали е усогласувам со европското законодавство.

И Главата 12 - Надзорот, кој го третира овој закон, се споменуваат овластувања и мерки на Државниот инспекторат за земјоделство, како и овластувања и мерки на Ветеринарниот инспекторат и инспекторот за храна. Меѓутоа, не се споменува никаде овластувања и мерки на Шумскиот и ловниот инспекторат. Зошто е пропуштен овој инспекторат? Ако веќе сме внеле таму одредби, она што го зборував на почетокот, во овој закон, тогаш и овој инспекторат треба да биде вклучен. Значи концептуално е прашањето. Ако ги исклучиме одредбите, како што јас сугерирав бидејќи имаме Закон за шуми и ловство, тогаш и функционирањето на овој инспекторат и неговиот надзор ќе се регулираат со тој закон. Значи се поставува концептуално прашањето овде сте внеле одредби за овој

сегмент, меѓутоа, го немате инспекторат. Или ќе го внесете инспекторатот или пак ќе ги иземете овие одредби од овој закон за земјоделство, ќе бидат регулирани во Законот за шуми и ловство.

На крајот сакам да истакнам дека со читањето на законот се создава слика дека законот не е доволно конкретен, дека постојат воопштени одредби со оглед на областа која ја регулираат. Затоа е потребно со внимание да се преработи до втората фаза, да се допрецизираат одредбите и секако што е многу важно, што е пропуштено во овој дел, овој закон е само делумно усогласен со европската легислатива. Тоа го има министре и во кореспондентните табели, така што голем дел од одредбите се само делумно усогласени. Усогласувањето според европските акти треба земјите да го завршат некаде до 2013 година. Ние очекуваме да добиеме наскоро датум за преговори. Процесот на усогласување во многу треба да го забрзаме, бидејќи 2013 година не е така далеку за област како што е земјоделството, а и другите земји кои се веќе членки во Европската унија до 2013 година треба сите стандарди да ги постигнат во оваа област. Ова е преширока област за да можеме само делумно да усогласуваме. Ценам дека во втората фаза поголема усогласеност треба да се постигне.

Инаку, не ја спорам потребата од законот и со сите дебати кои ги имавме и она што ќе го каже стручната јавност ќе дојдеме до еден задоволителен закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Уште една благодарност до пратеничката за изнесените сугестии околу подобрувањето на овој закон. Само кратко би сакал да потенцирам нешто дека општите одредби во кои е вклучен членот 2 фактички не значат дефинирање туку само објаснување на значењето на поимите, каде сите ставови, ставовите 3, 6 и 15 што вие ги спомнавте значат дефинирање односно означување на самите поими. Она што го спомнавте за ставот 3 дека земјоделската дејност е активност во областа на земјоделството, да се опфати и шумарството, тоа е фактички дефинирање на зборот “земјоделска дејност” во која и во секторот шумарство има одредени производи од самото шумарство и од самите шуми, кои практично претставуваат некој вид на земјоделски производ кој треба соодветно да се поддржи со овој закон, соодветно да се помогне тој производ, се со цел да може да оди на пазарот и да биде извезен. Според Законот за шуми тоа не може да се дефинира затоа што тоа е производ и мора да се дефинира во овој закон за земјоделство. Затоа, сите предлози за членот 2 ќе бидат дополнително разгледани, а ова беше само едно објаснување дека ова се само општи одредби.

Во членот 10 од овој закон, предлогот на Министерството фактички беше согледување на примерите на Европската унија, каде што здружувањата на самите земјоделци или членувањето во стопански комори треба да ни биде приоритет. Ако земјоделците се здружени во земјоделските здруженија, тогаш можат полесно да ги остварат своите права. Со членувањето на три члена од здруженијата и три члена од стопанските комори во советот, фактички сакаме да помогнеме и да го забрзаме процесот на здружувањето, ако знаеме дека во самата Европска унија за остварувањето на своите права здружувањето е основната клетка.

Во членот 16 - директните плаќања, само за една ваша информација да кажам дека не можевме да ги набројуваме во членот сите производи, не се само члени и рибарство, можеме да набројуваме и производи не традиционални, алтернативни и органски, но сите тие се вклучени по единица земјоделски производ кај плаќањето, така што сите тие ќе бидат ставени во таа категорија, единица земјоделски производ.

И на крајот, она што го спомнавме како генерална забелешка дека законот не е конкретен, не може да се изработи конкретен закон за земјоделски рурален развој. Ако се изработи конкретен закон каде точно би се дефинирало се во овој закон, тогаш овој закон би имал 2,5 илјади страници и предлогот беше да биде овој рамковен закон, да биде рамка од која ќе произлезат тие 150-200 подзаконски акти и правилници, каде што точно ќе се допрецизираат сите области што ги третира овој закон.

Она што го напомнавте дека е делумно усогласен - да, сеуште ние не сме членка на Европската унија и ние мораме во некои случаи да си ги согледаме реалните состојби што ни се на терен, реалната состојба во Македонија се со цел да не дојдеме со имплементирањето на овој закон до колапс на нашето земјоделство. Затоа, во некои делови е делумно усогласено, меѓутоа, не се нарушува концептот на прилагодување кон е вропското законодавство, туку само се остава можност во одреден период додека траат тие преговори да можеме да ги применуваме и да ја согледаме реалната ситуација што ја имаме во нашето земјоделство.

На крајот би завршил со уште една благодарност за сите конструктивни предлози за подобрување на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Се збор има госпоѓа Владанка Авировиќ. Повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги,

Би сакала колку што можам пократко, со оглед на исцрпните дискусии на моите претходни колеги, да се осврнам на овој така важен закон за земјоделство и рурален развој.

Поаѓајќи од важноста која ја придава Социјалистичката партија на Македонија на земјоделството и имајќи ја предвид социјалната сигурност и социјалните односи во

земјоделството, пред нас е еден би рекла мал устав на земјоделството, еден општ рамковен закон кој што ни дава основни појдовни начела за да можеме ние во наредниот период да ја усогласиме и стратегијата и политиката на развојот на земјоделството во Република Македонија. Имајќи го предвид ова, затоа што мора да биде се усогласено со Националната стратегија за развој на земјоделството и руралниот развој, придружен и со оперативните планови. Гледајќи ги подетално членовите кои се предлагаат, еден од најзначајните членови на овој закон е членот 3 каде што се воспоставуваат целите на земјоделската политика и политиката на руралниот развој. Имајќи предвид дека во изминатиот период во Република Македонија се создаваа алтернации во развојот на земјоделството, несигурност на земјоделецот при производство на земјоделските производи и сточарството се разбира, несигурноста во пласманот и многу мал извоз на земјоделски производи, а тоа значи и помал прилив на девизи, а Македонија е земја која е предодредена за земјоделско производство. Македонија е земја каде што е предодредена за сточарско производство, месо, преработувачката индустрија особено во земјоделството.

Затоа е и значењето на овој закон,до толку поголемо што ние треба да ја креираме макроекономската политика и во овој дел, а поготово до пред влезот во Европската унија. Ова го имам предвид, поготово што ние сме членка на Европската трговска организзција, членка на ЦЕФТА, кои што од своја страна претставуваат и рамковни закони каде Македонија може да се движи во своето производство, било на земјоделски производи, било на сточарството и исто така овие институции подразбираат и една рамка на стимулирање на производството.

Значи, согледувајќи ги проблемите од такви макроектономски аспекти, посебна тежина има овој закон. Затоа и членот 3, воглавно во детерминацијата на целите на оваа земјоделска политика е особено важен. Овде имајки го предвид, како најважна цел во земјоделската политика е ибезбедување на стабилно ниво и стабилно производство на квалитетна и поефтина храна на населението и пред се, со доволни количин на храна.

Во изминатиот период обезбедување на стабилно ниво беше предмет на постојани и иисцрпни анализи и особено беше потенцирано од стручните институти дека во Македонија има многу мало стабилно ниво на квалитетна и поефтина храна за населението. А Македонија е земја каде што можеме тоа да го произведеме. Имајки ги особено предвид парлелните анализи кои што ги имаат другите земји, пред се мислам на развиените, франција, Италија, Германија, Австрија. Мислам тука и на Израел и потенцирам дека Република Македонија со своите природни богатства може успешно да се носи и да биде база за идна прехрана во Европската унија. Пред се мислам база на квалитетна храна. На храна која што се обезбедува од природни извори. Овде сакам да истакнам уште една работа, а тоа е при искористувањето на водите особено да се внимава во политиката на искористувањето на водите и начинот на наводнување, бидејки земјоделската политика не оди без оваа фаза. Овде го имам предвид повторно и како паралелна анализа за италијанскиот земјоделски сектор и францускиот и германскиот, бидејки особено внимание се посветува на максималното искористување на природното богатство.

Исто така би се задржала и на една од приоритетните цели кои што се воспсотавуваат со овој закон, а тоа е зголемвување на конкурентната способност во земјоделието. Ние пред се треба да со зајакнување на информативниот систем во Македонија, од областа на земјоделието да им обезбедиме на нашите производители земјоделци, начин како тие да ја зголемат конкурентноста на нивните производи. Затоа што повторувам, дека во Македонија имаме одлични предуслови ние да бидеме водечка сила, во пошироки рамки, а не само во нашата земја. Сведоци сме дека ние увезуваме храна. Тоа во никој случај не смееме да го дозволиме.

Исто така, една од најзначајните цели кои што се дефинира со овој закон, а тоа е да се обезбеди едно стабилно ниво на доход на земјоделци, земјоделското стопанство. Мислам дека земјоделците било да се индивидуални производители,или да се врзни во некој систем, сведоци сме дек анивниотпросек на доход е нависитна многу низок. Вонардниот дел со подзаконски акти очекувам со низа стимулативни мерки користејки ги кредитните фондови, меѓутоа со многу ниски камати, користејки ги сите расположиви интелектуални способности да се употребат, на тој начин, се да оди во функција на зголемвување на дојодот на земјоделците. Само на тој начин и нив ќе ги привրземе за земјоделството, нив ќе ги привրземе за патиштата, нив ќе ги привրземе за земјата која што е така неопходна сила, а се со цел повторно да бидеме конкурентни на европскиот пазар. Се со цел да добиеме поголем принос од земјоделски производи.

Значи, во еденланец на едни така важни мерки, мислам дека оваа цел е една од позначајните.

Исто така, како една од најспецифичните цели е оптимално искористување на природните ресурси за заштита на животната средина.

Овде би сакал да спомнам дека во законот понатаму ќе се спомнуваат мерките на земјоделската политика, заштита на нашите ахтохтони растенија и животни.

Сведоци сме во изминатаиот период дека во Македонија се обидувавме да донесеме различни сорти на различни земјоделски производи и различни животни кои што евентуално би дале поголем придонес. Меѓутоа, останува еден факт дека нашата автохтона раса на животни, веќе за тоа кажаа нешто вчера, автохтоните растителни сорти треба да се негуваат.

Овде би спомнала само кога го гледм аовој дел можеби, ни фали во овој дел бидјеки јас сум економист, меѓутоа, многу се зборува, а во законот не видов дека е спомнато и барам министерот особено внимание да посвети на тој дел, бидејки го немам видено во овој закон, а тоа е што ќе прави Република Македонија во наредниот период и каков став ќе заземе со генетски видо изменетата храна. Ова особено од фактот бидејки во Европа и во светот има повеќе земји кои што произведуваат генетски видо изменета храна и во склопот на тие размислувања, дали во Македонија ќе се заземе став да се произведува генетски видо изментa храна, дали се утврдени во однос на оваа генетско видо изменета храна последиците од нејзиното користење и дали ќе се дозволи да се увезуваат семенски материјали, за да се произведува ваков тип на храна. Ова го немам видено во законот и молам да се обрне поголемо внимание, или пак некој коментар во врска со оваа генетски видо изменета храна.

Исто така, во законот, особено внимание е посветено на земјоделскиот информативен систем. Она што треба да го регулираме во посебни подзаконски акти е можеби една од најважните функции на овој закон, а тоа е за земјоделскиот информативен систем. Ние во Република Македонија до сега немаме воспоставено соодветен регистар и очекувам за наредниот период до 2010 година истиот да се воспостави.

Воедно од членовите на ова поглавје, спомнато е дека ќе се користат информативните анализи од Заводот за статистика. Во овој дел мислам дека е потребно и е предмет на мое размислување во Министерството за земјоделие да се создаде автохтон така наречен мини завод кој ќе се посветиисклучително на земјоделието и да се потпира врз податоците, база на податоци за овој информативен систем, бидејки е од непроценлива важност.

Ние еве сега гледаме дека деновиве се спроведува и попис во земјоделието,кој што е особено важен и сме сведоци дека таков регистер нема.

Ние за да ги користиме фондовите на Европската унија, пред се, треба да им кажеме на земјоделците дека треба да се регистрираат.

Исто така, очекувам со ребалансот на Буџетот да се доделат дополнителни средства со стратегијата во овој дел само би кажала дека до 2010 година, според планот треба да се усвојат само од Буџетот на Република Македонија близу 18 милиони евра, за подршка на земјоделието и руралниот развој.

До колку ние не обезбедиме, а се надевам дека ќе има повеќе средства обезбедени, Европската унија нема да ни даде на користење дополнителни средства од нејзините фондови.

Ова пред се, го кажувам заради тоа што земјоделците, имам впечатокод оние дискусии кои ги имавме со нив, не се доволно информирани и кога говорам за информативниот систем, мислам дека треба покрај воведувањето на автохтони податоци за земјоделието, тие да се искористуваат во функција на информирање на земјоделците. Да им се објасни што значи воведувањето во регистарот. Затоа што, влегувањето во Европската унија, не значи само просто влегување и попишување толку и толку земјоделци имаме, толку и толку структура на обработлива површина, толку и толку имаме шуми или вода.

Значи, дека тоа е во функција пред се, и на европскиот пазар.

Ова го подразбирам како есенцијално и особено внимание треба да се посвети, затоа што со регистрацијата на земјоделците на нивната обработлива површина, на нивните производни капацитети, понатаму ќе влезе и во планирањето за извоз на овие земјоделски производи и индустриска преработка.

Имајќи го предвид фактот со тоа што со пазарното стопанство од друга страна и Копенхагеншките критериуми кои што ред по ред ги спроведуваме,како реформи во нашиот систем значи дека до колку тие не се регистрирани, до колку нема регистрација на она што се произведува и по количина и поквлаитет и по вид, нема да можеме ние да пласираме надвор од Република Македонија.Ова значи треба јасно да се каже и овој базичен закон кој што денеска го имаме на разгледување дава основан појдовна рамка за да може таа база на податоци, база на информации да се пренесе до земјоделците.

Ова го сметам особено важно, затоа што воспоставување на подршката за инфра структурата и аплицирањето на политиките во заедничката економска политика на Европската унија е и условот на кофинансирање . Значи, д ане заборавиме дека нас не очекув авлез во Евроспката унија, меѓутоа, со различни квалитети на влегување со земјоделската политика. Значи, кофинансирањето, а што подразбира тоа, тоа подразбира и воспоставување на ситемот на кредитирање, систем на давање грантови и се она што може да биде во подршка на земјоделието. Тоа е и предуслов за користење на ИПАРД програмата. Немојте ние да се замислуваме дека ИПАРД програмата ќе можеме да ја искористиме во целост, како Словенија на пример која што искористи и делод другите ИПАРД фондови на нашите соседи, затоа што беше спремна, затоа што нејзините луѓе беа спремни на начинот на кој што тоа го бараше Европската унија. Значи, принципот на кофинасирање и принципот на вовед со правилна инфорамтика до земјоделците, како тие пристапни фондови да ги користат.

Се разбира дека во функција на овој закон,особено важно е да се потенцира дека ИПАРД агенцијата пред се, има за задача три мерки да воведе. Во функција на овој закон, не е лошо да се спомнат дека ги има. Инвестиција во фарми, инвестиции во преработувачка индустрија и диверстификација на неземјоделските

активности во руралните средини. А сето ова го нагласувам, заради успешно менаџирање на европските фондови, на европските претпристапни фондови во руралниот развој.

Овде исто така би наглласила и се надевам дека со подзаконски акти ќе се регулира и државниот инспекторат, затоа што таму е посебна проблематиката. Денес имав прилика со членовите во делот на Инспекторатот да видам дека најверојатно ќе следи подзаконски акт за усогласување на низата мерки, особено прекршочниот дел, кој ќе биде посебно важен во овој дел се заради функцијата унапредување на земјоделие и добивање,крајната функција е добивање поголем број на вработени во земјоделието, поголем девизен прилив, намалување на трговскиот дефицит. Значи, Република Македонија да биде успешна приказна во земјоделието.

Навистина, во овој дел има многу да се зборува, ќе се задржам само на овие важни прашања кои што го регулираат развојот на земјоделството во Република Македонија, пред се,на руралниот развој и особено внимание би посветила на генетски видо изменетата храна во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиески:** За реплика се јави господинот министер за земјоделие господин Спасеноски, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Повторно би ја започнал мојата реплика со една благодараност за сите предлози кои се за подобрување на текстот на овој закон.

Само една кратка напомена дека генетски модифицираната храна не е во надлежност на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство. Таа е во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, каде што ние активно партиципираме во подготовка на еден закон, со кој ќе се регулираат сите надлежности, контроли, сите можности за увоз и неувоз на таа храна во Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиески:** Повелете господине Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Јас ќе се искажам околу целите на земјоделството, каде што потенцираше колешката Авировиќ, дека се доста битни.

Во нејзиното излагање ја подржувам дека целите од земјоделскат аполитика, особено обезбедувањето на стабилно производство за квалитетна и поефтина храна и обезбедување на населението со доволни количини на храна. Тоа е во ред, тоа е добро за населението, значи да има квалитетна храна, да има ефтина храна и да ја има во доволни количини. Стабилно да, треба да биде,но тука има еден друг проблем кој што треба да се регулира, кој што колешката Авировиќ не го спомна, можеби не размислила за тоа. Не е само тоа да се обезбеди квлаитетна и ефтина хран аво доволни количини. Треба да се води сметка и оние што ја произведуваат да не ја произведуваат за џабе.

Овде иамме во членот 15 спроведување на цените каде што треба да се се обрне внимание на министерот и Министерството и луѓето кои што работат на оваа проблематика, да обрнат винимание, не само да се интервенира према одредени земјоделски производи во став 1, алинеја 2. За да го обезбедиме тоа, за да го добијат граѓаните на Република Македонија, треба според мене да имаме една минимална цена, односно алинеја 3, со која што не откупувачот. Откупувачот, јас не сум сигурен, колку ќе ги пдоржува принципите, законите на усменото договарање на минималните цени.

Значи, овде вели дека начинот и утврдување на цената од став 1 за интервенциската цена од овој член, Владата донесува одлука на предлог на министерот. Владата треба да обрне внимание и на минималните цени, не само да даде мислење, туку тоа да биде како некој акт,односно закон со кој ќе се гарантира минималната цена на земјоделските производи.

Ако на земјоделците кои ќе произведуваат им се гарантира минимална цена, јас верувам дека во Република Македонија ќе имаме ио квалитетна, ќе имаме и хран аво доволни количини и храна која што ќе биде прифатена за сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Контра реплика има Владанка Авировиќ. Повелете ваша минута.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Јас ова не го чувствувамкако контра реплика, туку размена на мислења. еве, во прилог на тоа би дала една моја размисла.

Не случајно во дискусијата накратко ги потенцирав улогата на Светската трговска организација, пазарното стопанисување, Копенхагеншките критериуми.

Многу е тешко,иако го согледувам проблемот, на иста линија сме вопоглед наопределување на минимални цени, меѓутоа многу е тешко сега сите тие рамки да се склопат, имајќи предвид дека ние треба пазарно да се ориентираме. Значи,пазарот е тој кој диктира дали ќе се определуваме за производствона определни култури во рамките на нашето произведување.

Колегата е сосема во право кога кажува дека земјоделците треба да бидат заштитени, меѓутоа мислам дека тоа е и една од мерките и целите кога зборуваме за стабилен доход на земјоделците.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Азиз Положани.

Повелете господине Положани.

**Азиз Положание:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, господине министер,

Јас сум свесен дека, бидејќи сум последен дискутант, дека сигурно има можности во она што ќе го кажам, можеби ќе се повторам со она што е кажано до сега. Имавме многу содржајна дебата

од сите пратеници кои учествуваа, од позиција и опозиција, со цел овој закон да дообјасни некои работи, да се изградат здрави политики. Бидејќи, земјоделието, без друго беше и останува се уште една од нашите главни области за развој на економијата во целина. Многумина очекуваат многу години оваа дејност, особено очекуваат од политиките што владите во одредени мандати ќе ги преземат во функција на заживување или засилување на оваа дејност.

Барајќи извинување поради евентуални извинувања на некои тези, ќе се обидам да се сконцентрирам пред се на нешта што мислам дека не беа спомнати или недоволно беа потенцирани како значајни.

Како прво, сакам да нагласам и да го охрабрам министерот, една ваква работа, закон што ја покрива оваа област, ова прашање е активност што е долго очекувана од голем број на граѓани, а пред се на оние кои се занимаваат со земјоделие. Но, и останатите. Дека, заокружување на оваа активност секако бара поголеми активности и ангажирања, бидејќи станува збор за проблематична област. Проблематична е поради фактот дека е исполнување на критериумите за стабилизација и асоцијација или нашето чекорење кон Европската унија. Токму регулирањето на ова прашање и перспективата, најздрава, во однос на земјоделието е и наша внатрешна потреба. Значи, не може да се каже да се каже дека овој закон е само поради регулирање на нешто што е како визија или наша потреба во насока на интегрирање, туку е тоа наша внатрешна потреба, дефинитивно земјоделието да ја надмине оваа турбулентна фаза на транзиција, кога товарот на оваа транзиција, главно и за жал е врз земјоделците оние кои произведуваат и кои со помош на предпристапните фондови и актуелните политики во Владата ќе треба на овие прашања, на овие аспекти да се даде одговор.

И заради нашите граѓани и заради имиџот на нашата држава, не би било добро нашите политики во земјоделието да ги ориентираме зависно од тоа кој ќе ја блокира која улица, која групација производстевена ќе направи поголема врева, а да немаме конзистентни политики. Туку да имаме адхок политики зависно од притисоците што доаѓаат, бидејќи тоа не го решава проблемот. Како што се гледа, не се решени сите проблеми што постојат до сега.

Направени се некои обиди, но мое мислење е дека не на успешен начин, затоа што недостасуваат долгорочни политики. Затоа ние мислиме дека овој случај овој момент е добар за дискутирање на сите варијатни, бидејќи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да го исполни и она што е презентирано во самиот вовед на законот. тоа значи исполнување на критериуми во насока на Европската унија, но пред се би нагласил, како посебно, да даде одговор постојано или паралелно со овие политики и во однос на актуелните ситуации во земјоделието. Дури тогаш фактички можеме даречеме дека правиме нешто и нема секогаш да зборуваме во идно време туку сме обврзани да ги адресираме прашањата што денеска ги имаме како проблем. Не тие да бидат прашања на разгледување на законот преку стратегии, подзаконски акти за што треба навистина многу време.

Мислам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има обврска да одговори на актуелните ситуации. Навистина има многу земјиште што не е насеано. Да се одговори дали треба да се даде стимулација или конкретна визија да не останата незасејани. Имаме можност да видиме дека некој производ некогаш се продава, некогаш не. Јагнињата на пример. Мислам дека сите имаме потреба од конзистентни политики во претставувањето на актуелните прашања.

Но, како обврска во однос на Европската унија, во оваа фаза, ние ќе го подржиме овој Предлог на закон и ќе видиме што ќе произлезе од втората фаза. На конкретен начин ќе изнесам некои забелешки во однос на некои членови.

Се поставува обично прашање, една димензија на институционални капацитети за реализација на овие елементи на политиката, особено во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што има обврска и да ги исполни критериумите, од една страна да работи на нивно исполнување, а од друга страна има обврска да ги реши и конкретните прашања. Дали Министерството и Владата се подготвени или систематизирани во таа форма да одговорат на овие предизвици.

Во функција на помош на можноста да се земат предвид овие можни варијанти, ќе спомнам некои аспекти што јас како министер за образование претходно ги имамв и ги започнавме но не ги заокруживме. Но, можеби може да биде во полза на засилување на капацитетите кога се има предвид приоритетноста на земјоделието како основа на економијата и како потреба за во иднина.

Мислам дека треба да се даде најсилен блег на научните институции и земјоделските политики. Знаете дека имаме универзитети, имам институции што на директен начин се однесуваат на здравствената политика или пак се единствени институции, можеби во некоја друга кои останаа како иститутиции што се занимаваат со апликативната форма на науката.

Работат главно на изнаоѓање поунапредени форми во земјоделието и фактички се во разни програми. Немаат никакви врски со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, туку се во ингеренции на Министерството за образование и наука.

Мислам дека се отвори една дебата кога во минатата Влада кога го започнавме и Законот за високо образование за подигнување на улогата на некои институции во функција на владините политики. Тргнавме со една идеа дека можеби институциите имаат потреба за редефинирање на

нивната позиција, наспроти активноста што ја имаат. Дали е подобро да бидат во тоа или во друго министерство, и така имаат врска со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, можеби Институтот за земјоделие, сточарство. Имаме еден дел во Кочани, сега како дел на Универзитетот во Штип, што е во процедура. Еден дел во Струмица како Институт и на други места. Во Битола има еден центар регионален за тутун итн, што мислам, имајќи ги предвид сите овие приоритети и потребата за поефективна политика и за инпакт од науката во апликативната наука во производството , во земјоделието, мислам дека Владата, при разгледување на овие политики, треба да види и ја редифинира улогата на овие институции. Во досегашната форам не се искористени до крај. Дадоа резултати, дадоа ефекти, но не сум сигурен дека е најефективната форма. Можат да се најдат и линкови поконкретни и поблиси со соодветните министрства со кои и така имаат активности.

Не би било како претходн што се работеше во однос на фитосанитарната лабораторија со удвојување на активностите што е земјоделие, што е сточарство, што е ориз, што е соја, итн, кој има ингеренции во овои насоки. Мислам дека по ова ќе бидат поблиску до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, мислам дека ќе напрват многу повеќе во однос на разрешување на земјоделските прашања, но и на исполнување на капацитетите на Министерството за исполнување на стандардите поврзани со овој закон, но и со други закони, што фактички се во план на анализа или пак на подготовка.

Затоа, мислам дека е тоа едно прашање што ви припаѓа вас, господине министре, но сепак јас мислам дека треба да се разгледаат, а пред се кога слушам дека Законот за високо образование е во процедура и ќе треба на некој начин да се видат некои работи, но момент е и ова да се разгледува затоа што се прашања поврзани меѓусебе, бидејќи Болоњската декларација науката ја става на високо место. Значи треба сето тоа да се земе во предвид и во рамките на високото образование, а институциите во улога на науката треба да се редефинира нивната позиција.

Што се однесува до некои прашања кои што фактички се разгледани во овој закон и бидејќи рековте вие и од други беше спомнато дека се размислува да биде како платформа една рамка поуниверзална која што ќе биде основа за елаборирање и на останатите закони, а пред се на член 10 поврзано со членовите 1 и 3 што определува некои приоритети, мислам дека треба да се кажат и некои други нешта.

Јас мислам дека при изградбата на втората фаза на законот треба да се види да не биде во судир со другите закони од една страна кои го регулираат ова прашање и од друга страна законот фактички да интерферира и со некои аспекти и со локалната самоуправа како носител на урбанистичка политика и со Министерството за транспорт и врски, затоа што навистина имаме навистина плодна земја која што ја даваме за изградба на разни објекти во недостаток или празнини во законот, нерационално се користи тоа плодно земјиште или земјоделско земјиште, на штета или во полза на некои концепти комерцијални агресивни кои се импонираат од политиката на изградба на градба.

Тоа треба да се поврзе со некои закони и од екологија, локалната самоуправа, а пред се со урбанизмот кои даваат дозволи за урбанистички планови. Не треба да дозволуваме да изгубиме земјоделски површини на штета на земјоделието, а заради прифаќање на комерцијална логика за урбанизирање на плодни површини на некои места. И од законски аспект треба да се стави една многу пологична канализација или канализирање.

Друго што сакам да нагласам е член 10, бидејќи беше речено од госпоѓа Лалчевска пред се, начин за компонирање на овој член. Мислам дека е поблиску она што го кажа госпоѓата Лалчевска како треба да биде составот на Советот на земјоделие и за рурален развој мислам дека треба да се додаде уште нешто. Не поради фактот што имаме уставна определба за соодветно претставување на национална основа, етничка основа во функција на покохезивна политика во државата, но би рекол тука не само поради тоа и не како неопходност поради фактот да се покрие целата територија со ингеренциите што ги предвидува овој Совет.

Според овој член овој Совет има многу ингеренции, ќе ги определува политиките, стратегијата, патот на земјоделскиот развој и се што е поврзано со земјоделието и според составот. Јас не верувам дека во овој број со број 11 и принципот на составот ќе ја покрие целата територија на Република Македонија. Овде ќе имате три членови од земјоделска асоцијација, три од Стопанската комора, тројца од високо образование и по еден од потрошувачите и локалната самоуправа. Мислам кога се вели тројца членови тешко да го издвоиш источниот дел, Повардарието, Битола да речеме во име на некој си друг регион. А земјоделието навистина е главно во Источниот дел и по течението на Вардар, но не е само таму, земјоделие има во Полог и во Струга, Охрид, Кичево и други. Не само во плодни рамнини туку и во друга структура, рељефна структура. Затоа, ова бројка во функција на покривање на целата териротија треба да се покрие, бидејќи се малку 11, со други принципи и начела, повеќе членови да дадат институциите од видокото образование, дека сигурно треба д се вклучат. Претендирам и на некоја структура од самиот Универзитет во Тетово. Таму е основана гранка каде земјоделието треба да биде носител или стимулант на прогресивни политики во земјоделието во тој дел. Треба и од земјоделието да се зголеми бројот на членови, фактички да има поадекватно покривање. Структурата на советот да претставува еден поширок интерес и поради

квалитетот на надлежностите, каде мислам дека се главно во централните и источните делови, да се остави на стрна дел од населението на места, на региони кои имаат потреба за активна политика во земјоделието.

Ингеренциите во тој Совет се навистина главни, многу широки, значајни. Тука треба уште еднаш да се разгледа структурата на овој Совет.

Мислам дека членот 16, кога се вели дека треба веднаш да се делува со директни плаќања за земјоделски, сточарски единици, се согласувам со она што беше претходно речено дека треба да се зголеми со пчели и риболовни места, секако треба, она што јас сакам да го побарам, би било на место, да биде многу појасно и да има помалку административни процедури во однос на плаќањата во земјоделието.

Неуспешен беше вашиот проект, што го почнавте пред неколку месеци. Продолживте, тоа може да биде и друг проект, но го продолживте мандатот за уште еден месец на тој проект. Но, што се однесува на директните плаќања уште еднаш треба да се разгледа процедурта, да биде поедноставна и земјоделците да бидат поинформирани и да се зголеми контекстот, освен со овие единици и со риболовство и со други специфики.

Имам сугестија во однос на членот 24 каде се вели, фактички, критериуми во однос на рурално подрачје. Главните критериуми што се широко дефинирани, врз основа на овие критериуми и предлага на Владата да ги дефинира овие критериуми, така што и тука господине минстер треба да се направи и консултирајќи се со асоцијациите на општините, со ЗЕЛС, при изградба на критериуми што минстерот ги предлага на Владата, треба да се земат предвид и мислењата на општините. Односно, на асоцијацијата организирана во организациона форма и само така можеме да имеме една транспарентност, пообјективно дефинирање и врз основа на локалнте потреби на руралните средини, имајќи предвид дека ги дефинирате критериумите кои не се толку прецизни, така што сигурно ќе има потреба од натамошна прецизност.

Имајќи во предвид дека има уште други елементи кои се комбинирани со локалните единици мислам дека законот треба да предвиди и соодветни други механизми дури и организациски форми за соработка со асоцијацијата во општината, со заедницата на општините. Вие знаете дека економијата е една од ингеренциите што со Законот за локална самоуправа и припаѓа и на општината. Ова стопанство, оваа економија, не е дефинирано која, не само индустријата туку и земјоделството е дел од економијата, од стопанството. Она што недостасува со овие елементи што ги спомнав дека локалната самоуправа е многу малку вклучена во централната политика, врз основа на член 22 во однос на Законот за локална самоуправа и точката каде што се даваат ингеренции на локалната самоуправа за економијата, бидејќи земјоделството е значаен дел од економијата, мислам дека во законот на појасен начин, на многу поконзистентен и поконкретен начин се конкретизира соработката на локалната самоуправа, развојот на земјоделството да биде дел на локалните политики, локалните политики да бидат одговорни и соодговорни за политиките во земјоделството, бидејќи земјоделството е многу силен ресурс на економијата. Доколку економијата е дел кој што се предвидува со Законот за локална самоуправа, нема ниту една ингеренција да не и се даде, формите на соработка што ги предложивте со формирање совет во членот 10, со предлогот за руралните средини, подрачја, како и со мерките како што е членот 30 итн, се недоволни според мое мислење и според она што јас го гледам како ингеренции на локалната самоуправа во економијата. Значи во земјоделството се недоволни за да се сподели одговорноста со централната и локалната власт за исполнување на дел од Законот за локална самоуправа. Врз основа на овие идеи, имајќи ја предвид идејата за посилна организираност и во согласност со европските законодавства во однос на оваа дејност, ние во оваа фаза ќе ја поддржиме потребата за регулирање на оваа материја преку овој закон, а втората фаза ќе ја очекуваме, ќе видиме колку од ова што дискутиравме ќе биде вклучено и врз основа на тоа ќе го изградиме нашиот став. Ви благодарам многу.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Реплика има господин Каба Гарип.

**Гарип Каба:** Благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници, жалам што не го следев од почетокот тоа што го говореше господинот Положани, но сепак колку што разбрав, неговата дискусија беше многу контраверзна, еднаш зборуваше за земјоделството, друг пат за транспорт, потоа за Министерството за образование.

Мислам дека господинот Положани треба да има предвид една работа. Законот за кој станува збор е подготвен од експерт, стручњаци и како таков ги исполнува европските стандарди, ги содржи сите оние нормативи кои се потребни за да биде поуспешен, што се однесува до граѓаните.

Господине Положани, сакам да ја вратам малку назад вашата меморија, вашето сеќавање и да го прашам за времето кога беше министер за образование. Што се однесува до распределбата на земјоделско земјиште на одредени лица, или пак на агрономи кои што се занимаваат со тие активности, знам дека во Велешта на пример постои едно парче земјоделско земјиште сопственост на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое има десетици хектари и додека беше на власт господинот Положани, неговиот возач кој не беше ниту земјоделец го доби тоа земјиште под концесија во Велешта, кое што се нарекува Мера, ги надмина законските норми и процедури, сето тоа што е

нормално за да функционира како земјоделска личност тоа лице. Што се случува сега? Повторената судска процедура од страните кои ги исполнуваат критериумите го става во незавидна позиција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, но и самото лице кое не ги исполнило тие критериуми уште еднаш да се поврати таа процедура, бидејќи биле направени големи прекршувања по однос на овој предмет. Затоа господинот Положани треба да има аргументи и факти да го објасни овој случај.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Азис Положани контра реплика, повелете.

**Азис Положани:** Жалам што господинот Каба и овој пат рече дека не разбрал тоа што сум го кажал, тоа што го говорев и тоа е негов проблем, немам што да кажам во однос на ова, не можам да му помогнам.

Што се однесува до тоа што тој го кажа на некој начин обидувајќи се да ме вклучи мене или било кој друг во процедурата на издавање земјиште, јас со цела одговорност изјавувам дека не сум имал, немам ниту ќе имам некое влијание во оваа насока. Доколку овие процеси не се транспарентни и врз основа на закон, нека се потврди, нека се утврди и нека се случи така како што треба во однос на судска процедура. Мислам дека не треба да коментирам понатаму, тоа е тенденција да се замагли јавноста во однос на дискусијата што е во корист на подобрување на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Сега реплика има госпоѓа Фљора Кадри, повелете.

**Фљора Кадри:** Господине Положани, навистина мислам дека луѓето не ве разбираат. Како прво, има една вистина дека вие воопшто не придонесувате за земјоделството. Колку ве болеше земјоделството, потврдивте на пример со субвенцијата во однос на стимулирање на земјоделците. Значи производителите на пченица стимулот од 2 денари и ден денес не го добиле за тоа што им припаѓа, потоа имате тутунопроизведувачи на кои до денес не им го исплативте тоа што требаше и што им го ветивте во однос на тутунот, потоа вештачкото ѓубриво што во тоа време дојде како помош за земјоделството, вашиот министер го продаде, потоа распределбата на земјоделското земјиште, наместо да го земат вистинските земјоделци вие им го доделивте на вашите команданти за да ги наполнат џебовите.

Јас мислам дека е добро сите овие сугестии и ваши предлози да ги упатите на вашиот министер тогаш во оваа област, бидејќи овој закон требаше да биде донесен во 2004 година и на тој начин вие лично ќе придонесевте за подобрување на состојбата во земјоделството и вашиот министер од вашата партија да биде барем малку поуспешен, бидејќи доаѓа од општина што целосно се занимава со оваа област, а потоа да придонесете овде за подобрување на законот општо речено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас. Контра реплика има господинот Азид Положани, повелете.

**Азис Положани:** Евидентно е дека и госпоѓа Фљора се однесува врз основа на народната изрека навистина здрави да бидат, но болни да бидете. Мислам дека не е вистинската форма со која може да се придонесе за изградба на еден добар закон.

Што се однесува до тоа на кого ја дадовме земјата, земјиштето, јас мислам дека има соодветни процедури. Верувајте ми, немам никаква врска со ова и од оваа позиција барам законитост, а што се однесува до парите од тутунот, знам дека вие ветивте или некој друг ветил, значи сумата за тутунот што требаше да се добие пред изборите и јас не сум воопшто виновен што некој од вас го ветил тоа на тутунопроизведувачите, а не го добиле досега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за земјоделство и рурален развој.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за земјоделство и рурален развој, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ги повикувам пратениците кои не се сеуште во салата да пристапат во салата, затоа што наскоро ќе пристапиме на гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точнот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум за гласање)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги повикувам службите да го утврдат точнот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Молам службите уште еднаш да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 57, сите 57 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за заштита на нови сорти на земјоделски растенија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за земјодлие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе, фактички ова не е ни обемен ни сложен закон, туку имаме само усогалсување со Конвенцијата и препораките на самата Европска комисија, и се со цел заради подобрување на законот за нови сорти на растенија, кој беше донесен во 2000 година, така што предлагам ова да оди во скратена постапка.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Јас колеги пратеници од парламентарното мнозинство се извинувам ако ви пречи моето јавување или ако овде не вис е седи. Секој може слободно да ја напушти оваа сала, а јас да го кажам ставот на СДСМ во оваа сала.

Законот, како што објасни почитуваниот министер, кажа дека ќе биде во скратена постапка, да, тоа е така и нема што да се нервирате, ќе бидаммногу краток, ќе го подржам законот односно ние ќе го пдоржиме, бидејќи е во согласнсот со европскката регулатива односно негово усогласување.

Со колегата Серафимов имаме амандманска интервенција, но за тоа ќе се јавиме подоцна.

Воглавно овој закон е добар и усогласен со европската регулатива, ние пратениците од СДСМ ќе го подржиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на нови сорти на земјоделски растенија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволен број).

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Има доволен број)

Гласањето е валидно.

Гласале 59 пратеник, за гласале 57, воздржани нема, против гласале 2 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Влатко Серафимов и Ацо Киров поднесоа амандмани на член 20 став 2 и на член 20 став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандмани на член 12 за менување на став 1; член 12 за додавање нов став 4 по ставот 3 и на член 15 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа затоа што со тоа се подобрува правната заштита и воедно самото право на наследување.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа затоа што во самиот Предлог закон на член 12 став 3 во втората реченица наведувам дека меѓусебните правила се регулирани со друг договор и правото на заштита на новата сорта се утврдува со тој договор.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа заради фактот што во Комисијата која треба да ги одредува новите сорти се застапени експерти со повеќегодишно работно исксутво и затоа се прифаќа амандманот да биде со најмалку 7 години работно искуство.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 4, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа затоа што предложено е Комисијата да биде најмалку еднаш годишно да доставува извештај, а по потреба, таа доставува извештај до министерот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставм на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број)

Ги молам пратениците да се вратат во салата затоа што треба да пристапиме на гласање.

Молам службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата.

Молам пратениците да си ги заземат своите места.

(Има доволен број)

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник гласале 58, од кои 57 гласале за, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на нови сорти на земјоделски растенија.

**Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансфорамција на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот,со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворм претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Само на кратко, се работи за измени и дополнувања во насока на усогласување со Законот за прекршоци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

Минуваат минути на чекање.

(Пауза до 15,00 часот).

(Пауза од 13,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето со тоа и почнуваме со попладневната сесија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да пристапиме на гласањето.

Почитувани колеги пред да пристапиме на гласањето, веќе во салата не има и доволен број, би сакал да ги поздравиме пратеничките од клубот на жени пратенички од Косовскиот парламент кои се горе во галерија.

(Аплаус)

И сега би сакал тие колеги што се надвор да влезат за да можеме да гласаме.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници кои во моментот се присутни во салата.

А колегите пратеници кои се овде да седнат.

Бидејќи на екранот е пријавен колегата Рамадани Агим претпоставувам процедурално.

Повелете три минути процедурално пратеник господин Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Нема некое прекршување на процедурата, но ја користам оваа прилика иако ги поздравивме, целиот Парламент на госпоѓите од Република Косово, јас посебно ја поздравувам

оваа група од името на ДПА. Посебно госпоѓата Флора Бровина и посакувам што поскоро Косово да стане независна и почести контакти да имаме во тој правец. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Вие и самиот рековте дека не е некоја процедурална забелешка.

Повелете, процедурално пратеник Серафимов Влатко.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе.

Моето процедурално обраќање се однесува на претходниот дискутант.

Знаеме дека во сила е се уште Резолуцијата 1244 и треба да ја почитуваме и да не се злоупотребува статусот на нашиот северен сосед.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Чекаме имам чувство дека процедуралното всушност се употребува за друга намена и затоа почитувани колеги ќе почекаме да се собере бројката од 61 пратеник за да можеме да си ја продолжиме својата работа и да ги изгласаме законите кои ни се на дневен ред.

Би сакал еве, не сум човек што сака да одзема збор, бидејќи имате право процедурално, но да се задржите на она што значи повреда на процедурата од моја страна, повелете три минути.

**Гарип Каба:** Благодарам господине потпретседастеле.

Почитувани пратеници, господине Влатко.

Мене ми е задоволство што вие на тој начин се обративте и зедовте, не јас сакам да се изразам бидејќи не му служи на чест пратеник во таква ситуација да ја искористи таа можност да ја злоупотреби и тоа како волјата на парламентарната група на ДПА. Затоа што, господинот Агим Рамадани се изрази во име на парламентарната група на ДПА и нема што тој во име на државата или во чие име се изрази, не знам и мене ми е чудно зошто така се однесува.

**Иван Анастасовски:** Не се вознемирувајте за тоа, во име на Парламентот и во ваше име јас ги поздравив, ги поздравивме сите заедно, еве направив и преседан, ако сакате од име на вашата пратеничка група да ги поздравите...

Повелете, процедурално три минути пратеник господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Мојат процедурална забелешка е до вас. Доколку некој користи термини кои што не се ниту уставни, ниту за кои што нашата држава се обврзала, вие бевте должни да го прекинете првиот дискутант. Се надевам дека синдромот на Тачи не владее кај сите пратеници од ДПА и ќе продолжиме да работиме нормално овде. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Апсолутно. И така имаме уште 10 пратеници додека да стигнеме до бројката 61, а гледам дека процедуралното воопшто оди во друга насока, предлагам 10 минути пауза.

Пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,42 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам службите да го утврдиме точнот број на пратеници кои се присутни во салата, а колегите пратеници што се во салата да седнат на своите места.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои 60 гласале за, нема воздржан, против гласал 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеник, сите 62 гласале за, нема воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за метереологија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлотот на законот и изештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Законот за изменување на Законот за метерологија

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеник, сите 64 гласале за, нема воздржани, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои сите 64 гласале за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлгот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 63 гласале за, нема воздржани, 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе закон за изменување на Законот за метереологија.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природат, со Предлог на закон**

Предлогот за донесувње на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има минстерот за животна среднина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Благодарам потпретседателе, почитувни пратеници,

Дозволете ми накратко да образложам зошто треба да се прави измена на овој Закон. Потребата од измени и дополнувања на Законот за заштита на природата произлегува од следните причини. Подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти, потребата од усогласување на казнените одредби со новиот Закон за прекршоци, како и доусогласување со правото на Европската унија, што како обврска произлегува од промената на одделни директиви на Европската унија, односно усогласување со директивата 92/43 за зачувување на природните живеалишта и на дивата флора и фауна. Регулативата број 338/97 за заштита на видовите диви фауна и флора преку регулирање на трговија со нив и директивата број 79/409 за зачувување на дивите птици. Предложените измени се во следната насока. Имено, во главата 2 од законот, во делот 2 точка 1 се направени измени со цел за активностите за кои не се спроведува оценка на влијанието врз животната средина, а согласно Законот за животна средина задожително да се изработува елаборат за оцена на влијанието врз животата средина која ќе овозможи контрола на тие активности, како и дефинирање на условите по кои истите ќе се превземат. Заради зачувување и заштита на дивите видови, а согласно барањата на директивите за диви птици и ратификуваните меѓународни договори се воведе нов член 21-а, со кој се воведува обврска при изградба на одредени јавни објекти и патишта да се води сметка за заштита на видовите, особено на дивите птици при изградбата на истите.

Во поглавјето за заштита на биолошката разновидност, направени се измени во делот кој се однесува на собирање на засегнатите и заштитени видови растенија, габи, животни и нивни делови во насока на подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти, со кои подетално се регулира постапката за издавање на дозвола за собирање.

Во членот 23 е додаден нов член 23-а, со кој се определуваат условите за кои е потребно да се води сметка при собирање на засегнати и заштитени видови растенија, габи, животни и нивни делови, особено начинот на нивното собирање, со што ќе се обезбеди заштита на репродуктивните продукти на видовите на истите да се собираат во оптимална фаза, нивниот развој и слично. Во делот на промет со засегнати и заштитени видови направени се измени во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви видови флора и фауна.

Главните измени на подобрување на постојните правни основи за регулирање на постапката за промет со загрозени и заштитени диви видови, согласно горенаведената конвенција, како и регулативата за заштита на дива флора и фауна преку регулирање трговија со нив. Тоа е број 338/97.

Согласно уставните амандмани од 20 до 30, како и новиот Закон за прекршоци се пристапи кон измена на главата на казнените одредби. Измени се направени во однос на огранот надлежен за поставување на прекршочната и изрекување на прекршочните санкции, видот на прекршоците, како и висината на истите, согласно уставните амандмани и Законот за прекршоци. Согласно уставните амандмани, надлежноста за водење на прекршочната постапка, како и за изрекување на прекршочните санкции е поделена меќу Министерствот за животна средина и просторно планирање, во кое и формирана прекршочна комисија и надлежните судови. Работата и составот на прекршочната комисија е пропишана со Законот за животна средина. Направени се измени и во однос на висината на глобата, која се движи од 1500 евра до 20 илјади евра во зависност на видот на прекршокот. Исто така, предвидени се прекршочни пријави за физички лица за кои глобата се движи од 50 до 100 евра во денарска против вредност.

Врз основа на горе наведеното се надевам дека ќе дадете целосна подршка на овој закон.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министре.

Има збор пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Прво во име на пратеничката група на СДСМ да изразам негодување затоа што министерот го

пречита од ред до ред образложението што ни е дадено со законските измени и мислам дека тоа може да проаѓа на директните седници на Владата, но овде во Собранието овие пратеници не го заслужуваат ваквиот третман од страна на министрите. И без разлика што ова е прво обраќање на министерот овде во Собранието. Мислам дека требаше да има поподготвен текст различен од образложението што го знаеме сите овде и го имаме прочитано. Јас многу пати сум зборувал за злоупотребата на знаменцето не е од страната на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и овде имаме ист таков случај. Имено, не постои закон, или ретко постои закон со европското знаменце во кое што ВМРО-ДПМНЕ нема вметнато Тројански коњ кој што сака да изрегулира одредена партиска и политичка интервенција во институции кои апсолутно немаат или треба да бидат ослободени од политички импровизации. Сличен е и случајот овде. Значи, овој закон има таков пример, без разлика што во 99% во слуаевите е регулиран со некои европски директиви без разлика што Законот е донесен во 2005 година и подржан од страна на Европскат комисија како добар, сега со измените кои што се предложени, а дадени во образложението се однесуваат на решенија на заштита на природата, сепак Владата на ВМРО-ДПМНЕ сака да направи политички упад во јавните установи Национален парк и тоа ќе го аргументирам со следниот пример:

Имено, досега во постапката за именување на директор, или условите кои треба да ги исполнува еден директор, кој по пат на конкурс го бира Владата, во член 141 точка 10, пишува дека траба да има завршено високо образование и стекнато знаење дипломиран биолог, дипломиран биолог-еколог, дипломиран георгаф, дипломиран шумарски инжинер, дипломиран инжинер-агроном, доктор по ветеринарна медицина, дипломиран економист, дипломиран правник и да има најмалку 10 години работно искуство.

Сега, бидејќи во рамки на институциите, ВМРО-ДПМНЕ нема луѓе за да упаднат во Националниот парк, што ги задоволува овие критериуми, решава под закрила на европското знаменце, надвор од било која регулатива, надвор од тоа што е спомнато во образложението, како услов за директор на ваква установа, се остава да има само завршено високо образование. На тој начин, освен упадот што беше направен во Националниот парк во Маврово, сега на ред се Пелистер и Галичица и со овие законски измени, еве јавноста ќе го види тоа, ќе се упадне во Националниот парк во Битола и во Галичица, со луѓе кои што нема да ги имаат исполнето овие услови. Јавноста ќе биде сведок, ќе дебатираме за тоа кога ќе се случи таа промена, но стана заморно или стана предпредвидливо, секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ ќе постави закон со европско знаменце, да уфрли еден Тројански коњ, со кој што ќе изврши политички упад во некои институции. По која директива го прашувам сега министерот, овие квалификации не се потребни за идниот директор, дали можеби ВМРО-ДПМНЕ ќе инсталира во Битола човек што е по професија новинар, дали знае за тоа што ќе се случи, или зошто искуството од 10 години е сведено на 5 години во областа на заштита на природата и зошто ни треба политички упад, кога треба да ја штитиме и заштитуваме природата. Зошто мислиме дека некои решенија на вработувања, што ќе го задоволиме некој партиски човек, ќе придонесе повеќе за заштита на природата, отколку стручните луѓе, кои што со десетици години и повеќе се занимаваат со оваа професија.

Мислам дека премногу злоупотреби се прават со европското знаменце. Ова ќе остане забележано и оваа моја дискусија и коментарот ќе биде забележан од страна на луѓето што ги следат дали навистина се спроведуваат законите и мислам дека вакви политички упади, апсолутно, во закони кои што треба да регулираат една материја за која што не мислам дека многу луѓе се стручни, каде што треба да има афинитет и човекот, да биде љубител и да ја сака природата малку повеќе од она што е само почитување на законот. Има и многу лична димензија во сето ова. Мислам дека Владата прави уште една узурпација на европското знаменце ќе следи политички упад и за тоа ќе бидеме сведоци брзо, бидејќи за жал, во своите редови немаат човек што може да ги исполни овие услови.

Затоа, изразувам негодување за ваквата измена што се прави и од партизацијата на еден сегмент, а тоа е заштита на природата која што треба да биде апсолутно, ослободена од политички упади на Владата,која е на власт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам.

Сакам да ја изразам мојата подршка на предложените измени и дополнувања на Законот за заштита на природата.

Сметам дека дадениот предлог претставува еден значаен чекор кон приближување на нашето законодавство со она на Европската унија, како и кон имплементирање на меѓународните договори, кои ги ратификувала Република Македонија.

Истовремено, предложениот текст на законот, предлага решенија со кои верувам дека ќе се надминат одделни проблеми, со кои се загрозува природата. Пред се, овде мислам на предложените казнени одредби.

Особено го подржувам воведувањето на прекршочни санкции за физичките лица, со кои се врши санкционирање на неодговорното однесување на граѓаните во заштитените подрачја, пред се, во националните паркови. Ја подржувам и промената со која и чуварските служби на заштитените подрачја ќе имаат можност да покренуваат прекршочна постапка. На овој начин, ќе се овозможи многу полесно имплементирање на законските одредби и ќе се придонесе кон зачувувње на природното

богатство на Република Македонија и тоа според член 47.

Со овој закон воедно се овозможува и заштита на дивите видови животни, на начин што при изградбата на патиштата, улиците, или градби, треба да се внимава истите да не ги нарушуваат премините кои ги користат животните, или пак, миграциските патишта на птиците.

Она што Европа го спроведува многу од поодамна, како основен елемент во планирањето при изградбата на патиштата, конечно се воведува и во Република Македонија.

Значи, според членот 21-а, сведоци сме дека дивите видови растенија се собираат во огромни количини. При тоа, многу малку се води сметка, за тоа, дали со собирањето се нарушува нивниот репродуктивен потенцијал.

Конечно, со членовите 23 и 23-а се созава обврска растенијата да се собираат во нивната оптимална фаза на развој, како и при собирањето да се води сметка да не се оштетуваат подземните и репродуктивните органи на растенијата.

Со ова, се создава можност за идните генерации да можат да бидат сведоци на растенија кои ние денес ги уживаме и користиме.

Ги подржувам и ги поздравувам воспоставувањето на потешките казни, затоа што начело на заштитата на природата е начелото на природата. Затоа мислам дека тие глоби што ги прави Министерството за животна средина и просторно планирање од овој вид, ќе придонесат за поефикасна заштита на природата и животната средина. Затоа, изразувам моја потполна подршка, како на парламентарната група на ДПА, за донесувањето на овој закон. Истовремено, ги поканувам сите други пратеници да гласаат за овој закон.

Затоа што вие господине потпретседателе не ми дадовте можност пред малку процедурално да се искажам и да се обратам на пратеникот Јани Макрадули, да укажам на фактот дека не е воопшто во ред да се спомнуваат лица кои во моментот не се присутни во собраниската сала и доколку сметате дека ние пратениците од пратеничката група на ДПА сме загрозени со Тачиевиот синдром, морам да кажам дека сме горди на тоа.

Меѓутоа, со каков синдром вие сте загрозени господине. Изгледа со српскиот, затоа што секогаш сте просрпски во вашите говори, така сте ориентирани и ми е многу незгодно во овој момент...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, вратете се на темата.

**Флора Кадриу:** Јас се вратив на темата и завршив со мојата тема.

Меѓутоа, процедурално не ми дозволивте јас да се искажам и не беше во ред. Затоа ја искористив оваа можност да го искажам моето мислење околу тоа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Прво процедурално до вас господине потпретседателе, вие мора да го штитите дигнитетот на сите пратеници во Собранието, без разлика дали се позиција или опозиција и да се грижите да се употребуваат во Собранието уставни термини и да се обраќаме кон државите што постојат или не, согласно политиката на Република Македонија. Јас немам друг начин, морам репликата да ја исористам, за да демантирам една апсолутно, голема навреда што вие требаше да ја спречите. Не знам само на кој начин тоа го спречивте. А да ја поздрава пратеничката група на ДПА што прочита еден закон и што прв пат дискутира во Собранието. Очигледно, бидејќи нивен е министерот за ова што го предлага.

Само, повторно сакам да кажам дека упадот што се прави со политички измени на законот е катастрофален и со тоа нема да се заштити природата, туку напротив, ќе се загрози, како што сака да се загорзи природата и овде во Собранието, со вакви небулозни етикети. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор претник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници.

Законот за измени и дополнувања на Законот на заштита на природата е едно добро дело на Министерството за животна средина и просторно планирање, бидејќи е целосно усогласен со Европските директиви. Меѓутоа, сакам да кажам некои забелешки кои што се однесуваат на овој закон, кој што мислам дека е добар и би требало да биде уште подобар со некои подзаконски акти, кои што се надевам ќе ги донесат од страна на Министерството.

Меѓутоа, како што кажавме претходните дискутанти околу членот кој што се однесува на поставувањето на директорот на Националните паркови, да има завршено само високо образование, а не со одредена струка, верувајте ми ќе дојдеме во една состојба со која што ќе имаме исто така директор на ветеринараната управа со еконоски факултет кој што нема ништо заедничко со ветеринарното здравство, меѓутоа мислам дека овие грешки нема да се повторат и во поставувањето на директор на Националните паркови, се со една единствена цел, стручните луѓе да работат она што го знаат.

Инаку, што се однесува до имплементацијата на законот, јас би апелирал до Владата на Република Македонија наместо да ги прима советници на премиерот, на господинот Груевски блиски вонбрачни другари и како да ги кажам, нека примат некој инспектор за заштита на

природата, се со цел овој закон да биде имплементиран на вистински начин.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, држете се на темата.

**Влатко Серафимов:** Јас мислам дека се држам на темата. Наместо да примат советници во кабинетот на премиерот Груевски, повторно ќе повторам, нека примат инспектори за заштита на природата. И давам целосна подршка на министерот и на директорот на Инспекторатот за животна средина и на луѓето кои се занимават со оваа проблематика, бидејќи овој закон кој што е доусогласен со европското законодавство, не може да се имплементира со тројца инспектори за заштита на природата, ниту со тој капацитет кој што го имаат Државниот инспекторат за животна средина.

Затоа давам целосна подршка на министерот за животна средина и просторно планирње да се избори за овие заложби со кои сигурно и тој ќе се согласи со мене дека се малку тројца инспектори за заштита на природата и Владата да обрне повеќе внимание околу вработувањето на стручни луѓе и кадри, кои што ќе придонесат за ефикасно имплементирање на законите кои што го носат знакчето на Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник господин Марјан Додовски, повлете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги претници, почитуван миистер,

Би сакал да ка жам неколку работи околу предложените измени и дополнувања на Законот за заштита на природата. Најпрво, би дал подршка на овие измени, бидејќи се работи за закон кој е работен според стандардите на Европската унија. И нешто што како проблематика во Република Македонија е од исклучителна важност и во наредниот период ќе треба да даде силен белег на функционирањето на македонската држава.

Фактот дека Република Македонија како членка кандидат за Европската унија мора да испочитува и голем број стандарди. Еден од тие стандарди е зголемување на процентот на заштитени подрачја во Република Македонија. Длабоко сум убеден дека овој закон ќе биде токму во таа наска и заедно со сите оние закони кои се под знакчето на Европската унија, меѓутоа, покрај тоа ќе бидат и под еден силен мониторинг токму од Европската унија, посебно во делот на имплементацијата на овој закон.

Во делот на имплементацијата би сакал да истакнам некоку работи. Значи, многу се говори за националните паркови и за други заштитени подрачја. Јасно е дека Република Македонија оваа категоризација ја има јасно утврдено според Меѓународната унија за конзервација на природата и категоризација на заштитените подрачја, токму е така дефинирана. Би сакал да истакнам дека во наредниот период Министерството за животна средина и просторно планирање, можеби треба повеќе внимание да посвети на строгите природни резервати кои во Република Македонија се како прва категорија во заштита. Значи, мислам на Езерани и на Тиквеш.

Она што би сакал да го истакнам по однос на концепот на овој закон е тоа дека верувам во народниот период можеби ќе има и дополнителни измени и на овој закон кои ќе бидат во насока на целосна заштита на природата, меѓутоа и појасно и поцврсто функционирање на овој закон.

Оној концепт кој јас го подржувам е комплетно заштитените подрачја во Република Македонија, започнувајќи од строгите природни резервати, националните паркови и спомениците на природата така и до последната категорија да бидат под засилена контрола и влијание на Министерството за животна средина и просторно планирање, односно, ингеренциите да бидат повеќе насочени во Министерството за животна средина и просторно планирање отколку оваа форма која што е сега, да речеме јавна установа, Национален парк. На тој начин сум длабоко уверен дека ќе имаме и посилна заштита и на некој начин оваа територија која по процент кога би била под заштита, а која според стандардите треба да оди над 10%, ќе биде вистински заштитена, меѓутоа, за сето тоа да биде реално и да можеме да зборуваме за една реална заштита, не само Државниот инспекторат за животна средина, кој треба да биде засилен со многу инспектори, давам силна подршка и на Министерството и во тој дел дека треба едноставно, Владата да изнајде сили токму овој Инспекторат да го засили со инспектори, меѓутоа и сите оние кои ќе бидат вклучени во заштитата на овие подрачја и во контролата.

Начелно дава подршка на предложените измени и дополнувања на законот за заштита на природата и верувам дека во наредниот период следните измени кои би доаѓале би биле токму во насока на зајакнување на позициите на Министерството за животна средина и просторно планирање во делот на управувањето со заштитените подрачја. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас се јавувам само заради еден член во законот, кој што минатата сабота мислам дека овој закон можеби заради тоа што Министерството било насочено повеќе на тоа да овозможи други услови за избор на директор, директор кој што нема да има соодветно образование и кој што ќе ги задоволува потребите од кадрите на ВМРО-ДПМНЕ е прилично непрецизен и би рекла трагикомичен.

Во членот 50 на Преодни и завршни одредби од овој закон се вели дека во членот 190 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи: “електричните столбови и техничките компоненти кои се изградени пред влегување во сила на овој закон и

кои во висок степен ги загрозуваат птиците и лилјаците во рок од 5 години од денот на влегување во сила на овој закон, се должни да спроведат нужни мерки за заштита на птиците и лилјаците од струен удар”. Ако го читате како што треба, излегува дека електричните столбови и техничките компоненти треба да се спроведат нужни мерки за заштита на птиците и лилјаците. Што, ќе се согласите е прилично трагикомично.

До колку овој членостане вака, останува нејасно кој е тој кој треба да спроведе нужни мерки за заштита на птиците и лијаците. Затоа, апелирам до Министерството, кога ќе ги подготвува ваквите закони, да има голема одговорност, уште повеќе до колку изговорот е усогласување со законодавството на Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата.

Пред да гласаме, почитувани колеги, ве замолувам да влезете во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Службите би ги замолил точниот број на пратеници присутни во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пристуни пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејки во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник,од кои 59 гласале за, 2 се воздржале од гласање, нема против.

Констатирам дека заклучокот е сувоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата, гласале 54, сите 54 гласале за, нема воздржани,немапротив.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 во воведната реченица, член 1 став 4 во воведната реченица,член 4 за менвуање на воведната реченица, член 6 за менување на воведната реченица, член 18 ставови 1, 2 и 3, член 44 став 1 за бришење на точките 4 и 5 и на член 45 за бришење на точката 13, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Мирјана Секуловска и Горан Мисоски поднесоа амандмани на член 39 за менување на став 2 и на член 41 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани и Сафет Незири поднесоа амандмани на член 10 ставови 1 и 2 и на член 30 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 10 ставови 1 и 2 поднесенод пратениците Рафис Алити, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани и Сафет Незири..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

**Џелил Бајрами:** Амандманот на член 10 не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Повторно се пријавува министерот.

Има збор пратеник, господин Рахиќ Есад, повелете.

Се извинувам, грешка.

Добро, бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата гласале 56, од кои 3 гласале за, 6 се воздржале од гласање и 47 гласлае против.

Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 30 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесенод пратениците Рафис Алити, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани и Сафет Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата гласале 56, од кои за гласале 5 пратеници, тројца се воздржале од гласање, а 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 39 за менување на став 2 поднесен од пратениците Мирјана Секуловска и Горан Мисоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесенод пратениците Мирјана Секуловска и Горан Мисоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Секуловска Мирјана, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, овој амандман го повлекуваме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Се извинувам, има збор пратеник господинНајдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Сосема кратко господине потпретседателе.

Би сакал министерот да ми одговори на едно прашање. Ги менува условите за избор на директот на националните паркови. Ме интересира конкретно за Националниот парк Пелистер.

Националниот парк Пелистер последниве 3-4 години бележи особено значителни резултати со признанија од меѓународни институции и држави од западна Европа.

Господине министре, знам што ви е намерата со Националниот парк Пелистер. Знам и за проблемот што го имате со една од Западно европските држави кои ве спречуваат да го уназадите Националниот парк Пелистер. Овде сакам да ви порачам немојте да си играте со Националниот парк Пелистер. Немојте да дозволите еден човек, за кого сите ќе ви потврдат, воопшто партиски е неопределен, со долгогодишно искуство во Националниот парк Пелистер и има постигнато значителни резултати. Што вели господинот Рахиќ не ми е ни братучет ни роднина, ниту го знаев човекот до пред две години, од кога навистина не започна да прави Националниот парк Пелистер да заличи на националниот парк. Намерно ги менувате условите за избор на директор и вие ќе бидете најодговорниот за проблемите што таму ќе се случуваат и вие ќе бидете најодговорниот зошто ќе го вратите Националниот парк Пелистер назад.

Не знам дали сте биле пред 2-3 годин во Националниот парк Пелистер и дали сте биле последнив 2-3 години таму. Но, сакам да ве замолам во мое име, во име на Битолчани немојте да направите штета и да го вратите Националниот парк Пелистер назад.

Би ве повикал, дури и заедно ако сакате да видите, ќе одиме, штопоследниве две години е направено. Од колекторот за отпадни води, патеки, разни видиковци или како уште се викаат и сите преземени мерки за заштита на Националниот парк Пелистер.

Затоа би ве замолил уште еднаш иако овој закон ќе биде изгласан, а вие колеги пратеници сето она што го ветувавте дека само струката ќе биде во прв план, сега ќе го погазиме.

Би завршил со тоа, ве молам немојте да чепката во Националниот парк Пелистер и да го уназадите неколку години наназад. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник од кои 55 гласале за, 5 воздржано, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за ловство, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот,со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор минситерот за земјоделство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Измените и дополнувањата на Законот за ловство се допрецизираат одредбите од истиот кој што при спроведување во пракса во изминатиот период претставувале одрдена пречка за доследно спроведување на Законот за ловство. На кратко би сакал да спомнам кои се позначајни измени што се предлагаат со измена на овој закон.

Во членот 1 се интервенира со овластување на министерот, при што се овластува министерот да забрани лов на одреден дел од територијата и на цела територија на Република Македонија при опасност од појава на заразни болести.

Во членот 2, се прецизира дека давање парична награда за уништен штетен дивеч,не треба да бида облигација, туку само можност, до колку се обезбедени средствата.

Со членот 3 се врши измена на членот 27, каде што се овозможува лица со завршено средно образование и положен ловечки испит, кои ги исполнуваат условите за носење на оружје да можат да бидат ловочувари.

Во членот 4 се додаваат 2 нови става во членот 50 со што се прецизира правото на застрел на концесионерите во ловиштето, односно одобрување на правото за користење на отстрел во ловиштето, согласно годишниот план за спроведување на посебна ловостопанска основа, како и внесување на поблизок пропис за содржината на годишниот план за спроведување на посебна ловостопанска основа, како и донесување на поблизок пропис за содржината на годишниот план за спроведување на посебна ловостопанска основа.

Последните членови 5, 6, 7, 8, 9 се врши дополнување на членовите член 27, член 28, 29 и 80 на казнените одредби што се усогалсуваат со Законот за прекршоци.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министер.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следнив заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесува на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, немавоздржани,нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 праеници, а во салата иамме 63 пратеници, сите 57 гласале за, нема воздржани,немапротив.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Пратенциите Оливер Шамбевски и Панче Дамески поднесоа амандмани за менвуаље на член 1, за додавање нов член 1-а по членот 1 и за додавање нов член 4-а по членот 4, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманите поднесени од пратениците Оливер Шамбевски и Панче Дамески за менување на член 1 и за додавање нов член 1-а по членот 1 се приклучуваат пратениците Анета Стефановска, Надица Танчева-Тулиева, Зоран Петрески, Оливер Деркоски, Виолета Ташева, Васко Шутаров, Соња Гелова-Стојановски и Дарко Димитриевски.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандман на член 1 во новата точка 3-а по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1...

Се извинувам, процедурално три минути пратеник Шамбески Оливер, повелете.

**Оливер Шамбески:** Благодарам господине потпретседателе.

Ние, поднесувачите на амандманите, јас и колегата Дамески, заедно со тие кои се приклучија, решивме дек а посцелисходно ќе биде да пристапиме кон измена и дополнување на Законот за ловство. Од тие причини сите амандмани што ги имаме поднесено ги повлекуваме, а во наредните денови ќе поднесеме измена и дополнување на Законот за ловство.

**Иван Анастасовски:** Тоа ви е од името на сите предлагачи.

Добро,благодарам.

Амандманите поднесени од пратениците Оливер Шамбевски и Панче Дамески со групата пратеници кои подоцна се приклучија се повлечени.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новата точка 3-а поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам.

Амандманот делумно се прифаќа, со додавка, со тоа што наместо зборовите "кај животните и дивечот", се прифаќа само "кај дивечот".

**Иван Анастасовски:** Во тојслучај треба да се произнесе предлагачот на амандманот, бидејќине може делумно да се прифати амандманот. Или го прифаќате или не го прифаќате. Ако предлагачот се согласува со вакво компромисно решение, би можеле.

Повелете, има збор предлагачот.

**Весна Јаневска:** Се согласувам, ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот е прифатен во формата што ја предложи самиот министер и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлоготна законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Прелдогот на законот.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници,од кои сите 62 пратеници гласале за, нема воздржано,немапротив.

Констатирам дкеа Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот,со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници. Вкупно гласале 58 пратеници од кои сите 58 за, нема воздржани, немапротив.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 53, од кои 52 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Константирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандман на член 21, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Веле Митаноски, Благој Зашов и Иван Анастасовски поднесоа амандмани за додавање нов член 3-А по членот 3 и на членот 21, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марија Андоновска и Гоце Марковски поднесоа амандмани на член 2 за менување на став 13, член 3 во новиот член 2-Г, за додавање нов член 18-А по членот 18 и на член 26 за додавање нов став 3 по став 2, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманите поднесени од пратениците Марија Андоновска и Гоце Марковски се приклучија пратениците Веле Георгиевски, Миле Пачемски и Јован Гинев.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани за додавање нов член 18-А по членот 18, член 26 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање нов член 27-А по членот 27, по кои Владата не се произнела.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Се на член 2 за менување на став 13, поднесен од пратениците Марија Андоновска, Гоце Марковски, Веле Георгиевски, Миле Пачемски и Јован Гинев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе во однос на амандманот на член 2 за менување на став 13.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Се прифаќа амандманот на член 2 за менување на став 13.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 2-Г поднесен од пратениците Марија Андоновска, Гоце Марковски, Веле Георгиевски, Миле Пачемски и Јован Гинев.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот на членот 3 не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник госпоѓица Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи во претходниот разговор министерот ми објасни зошто овој амандман не се прифаќа, во името на предлагачите го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 3-А по членот 3, поднесен од пратениците Веле Митаноски, Благој Зашов и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот господин Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе ми дозволите да образложам зошто го поднесовме амандманот. Имено, со член 22 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, "Службен весник на РМ" број 58/2000 е утврдена организацијата на Министерството за здравство. Законот е донесен пред основањето на Дирекцијата за храна. Дирекцијата како орган во Министерството за здравство не е спомната. Од друга страна, во

истиот закон во членот 8 е утврдено дека на одделни органи на Државната управа со законот кои се основаат може да им се определи својство на правно лице. Токму затоа предлагавме во членот 3 од Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна, со кои се утврдува основањето на Дирекцијата за храна како орган надлежен за вршење на работите во областа на безбедноста на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, да се додаде предложениот став, односно Дирекцијата за храна да има својство на правно лице. Меѓутоа, министерот тоа не го прифати и оставам пратениците да ја оценат целисходноста на сето ова.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата имаше 61 пратеник.

Вкупно гласале 47 пратеници, од кои 11 гласале за, 1 воздржано, 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-А по членот 18 поднесен од пратениците Марија Андоновска, Гоце Марковски, Веле Георгиевски, Миле Пачемски и Јован Гинев.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-А по членот 18 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот поднесен од колегата Најдовски не е прифатен.

Повелете, има збор пратеник господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Не знам дали да се смеам или да им се чудам на некои луѓе овде.

Господине министер, мојот амандман е идентичен со амандманот кој што сега ќе го прифатите. Мене воопшто не ми е до тоа дали ќе биде амандманот од Слободан Најдовски или од некој пратеник од парламентарното мнозинство, битно ми е законот да биде квалитетен. Од тие причини, само затоа што беше претходно даден мојот амандман е прво прочитан. Сега истиот амандман ќе го усвоите.

Овој амандман го повлекувам, со оглед на тоа што колегите ми кажаа дека амандманите од колегите од ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат прифатени. Ве молам без дофрлање, прочитајте го амандманот, истиот амандман е. Мене ми е драго што ќе биде поквалитетен текстот на законот отколку тоа дали мојот амандман е прифатен или не.

Ви благодрам, го повлекувам овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрам, почитуван колега, претходно се прифати, пред вашиот амандман се прифати амандманот кој е идентичен на вашиот, така што амандманот е повлечен.

Амандманите на член 21 поднесени од пратеникот Цветанка Иванова и од пратениците Веле Митаноски, Благој Зашов и Иван Анастасовски, кои се точки 6 и 7 во списокот на редоследот на материјалите по кои Собранието води претрес се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 21 поднесен од пратеникот Цветанка Иванова и по амандманот на член 21 поднесен од пратениците Веле Митаноски, Благој Зашов и Иван Анастасовски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам потретседателе.

Ќе ми дозволите едно кратко образложение зошто пристапивме на вакво решение со амандманот.

Сакам да потенцирам, почитуван министер, дека основната премиса на науката за земјоделство е изучување на примарното производство на храната и нејзина примена за натамошна обработка. Сите студиски програми на земјоделските факултети се во функција на производство на храна. Исто така, сите потенцијални загадувачи на храната од микробиолошка и хемиска природа се предмет на проучување на сите студиски програми на факултетите од областа на земјоделството.

Поаѓајќи од овие принципи за контрола на храната во сите фази од нејзиното производство и промет или како што ние кажуваме “од ниво до трпеза”, потребно е според нас вклучување на кадри со најсолидни познавања од областа на безбедноста на храна како што се дипломираните земјоделски инженери. Мислиме дека тоа е уште една причина која укажува на потреба во контролата на безбедноста на храна да се вклучат токму кадри од областа на

земјоделството. Токму затоа, лицата кои имаат завршено високо образование од областа на земјоделството, а покрај тоа ги исполнуваат и другите пропишани услови, според нас треба да бидат вклучени во сите фази на контролата на безбедноста на храната.

Со овој амандман сакаме да обезбедиме можност инспектори за храна да можат да бидат избрани лица со високо образование од областа на земјоделството, што е според нас општ тренд во европското законодавство и практиката во контролата на безбедноста на храна да се пристапува во оваа практика мултидисциплинарно и затоа пристапивме кон таков предлог. Вие не го прифаќате, на колегите пратеници е да оценат како ќе постапат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Како што кажа колегата Веле Митаноски, со овој амандман кој што е идентичен заедно со амандманот на господинот Митаноски и вас, како потпретседател на Собранието, сакавме само да овозможиме законски основ за инспектор на храна да може да биде и лице кое што е од земјоделската струка, секако со сите оние услови кои што се предвидени за останатите струки.

Значи нема што да додадам уште како аргумент зошто го предложивме овој амандман. Сето тоа добро го кажа колегата Веле Митаноски, но само би прашала, прашањето е до министерот: од кои причини го одби или не го прифати овој амандман, или поконкретно зошто луѓето кои имаат оформено високо образование од земјоделската струка не можат да се најдат во списокот, односно во законското решение на лица кои можат да ја извршуваат работата инспектор на храна.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Ќе ми дозволите накратко да образложам зошто не се прифаќа овој амандман, затоа што во системот на контрола на безбедност на храна во Република Македонија вклучени се две релевантни министерства и тоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за здравство.

Од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во контрола на безбедноста на храна учествуваат следните органи: Државен земјоделски инспекторат, фитосанитарна управа, Ветеринарна управа и Управа за семе и семен односно саден материјал. Во состав на Минстерството за здравство, Дирекцијата за храна која е надлежна за здравјето на луѓето од болести предизвикани од храна. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е одговорно за примарното производство и безбедноста на прехранбеното производство на тоа ниво, додека Дирекцијата за храна е одговорна за безбедноста на прехранбените производи наменете за консумација од страна на човекот. Насоките на факултетите за земјоделски науки за храна се несоодветни за технологијата на храна, затоа што се смета дека лицето со тој вид на образование не одговара да биде инспектор за храна вработено во Дирекцијата за храна. Насоките од Факултетот за земјоделски науки се: полјоделска насока, градинарство, лозарско-овоштарска насока, сточарска, агроекономија итн, да не ги набројувам сите. Во таа смисла е и нашето негативно мислење дека не треба да се прифати амандманот и Земјоделскиот факултет да биде услов за инспектор во Дирекцијата за храна.

Од друга стрна, во постојното законско решение се предлага да имаме технологии за храна, биотехнологија, Медицински факултет и други факултети кои одговараат во делот на заштита на здравјето на граѓанинот во однос на консумација на храна.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Не ги прифаќам аргументите на министерот, затоа што сметам дека и на земјоделските факултети се изучува или проучува, има студиска програма од областа на заштита на прехранбените производи, особено сите овие гранки кои ги наведе министерот, од сите тие гранки се произведува храна. Не можете да бидете стручњак за производство, ако не сте стручњак и за заштита на тоа производство.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас се согласувам со образложението кое што го даде министерот во однос на овој амандман. Но веднаш во рок од 10 минути Владата се демантира. Ќе ви кажам зошто. Пред 10 минути усвоивме Закон за заштита на природата, во кој што во досегашниот закон беше точно наредено дека за директор на Националните паркови треба да има завршено Факултет за шумарски инженер, Факултет за биологија и др. и сега пред 10 минути Владата ни предложи да го укинеме, во тој закон ставивте дека треба да има луѓе со високо образование. Сега после 10 минути истата Влада ни кажува точно кои струки треба за одредена функција да се исполнува. Се согласувам потполно, министерот сега е во право, дефинира точно кои се струките кои треба да се исполнуваат. Но го поставувам прашањето, носиме ли закони кои што ќе ги прилагодуваме на одредени личности? Од тоа ако одредена личност има завршено одредено образование не одговара на функцијата каде што сакаме да го ставиме, ќе го смениме законот. Тоа го направивме пред 10 минути и сега Владата самата се демантира.

Сигурно се сеќавата, порано имаше една анегдота за објавување конкурси за директови, па меѓу другото ќе каже која боја на кравата треба да ја има. Така беше во анегдотата. Зошто сега Владата постапува на ваков начин. Дали има принципи при донесувањето на законите.

Од тие причини, го поддржувам тоа што го кажува министерот, но Владата сама се демантира во рок од 10 минути.

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање по амандманот на колешката Цветанка Иванова.

Ве молам колеги седнете на вашите места.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 56 пратеници, 17 гласале за, 1 воздржан, 38 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Сега го ставам на гласање амандманот на членот 21 поднесен од пратениците Веле Митаноски, Благој Зашов и Иван Анастасовски.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 18, 2 се воздржале и 40 гласале против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Марија Андоновска, Гоце Марковски, Веле Георгиевски, Миле Пачемски и Јован Георгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Сакам да изразам еден личен протест, поради начинот на кој што се работи во ова Собрание. Од една страна барате од опозицијата да ви прави кворум, од друга страна сите амандмани што се истоветни со амандманите на позицијата ги одбивате. Сметам дека е некоректно. Покажете малку политичка доблест и секогаш кога имате исти амандмани од опозицијата како на позицијата, бидете малку политичари и пред својот народ и пред меѓународната заедница покажете како разбирате начинот на кој што треба да функционира како политички партии во ова Собрание. Затоа ви кажувам, поради начинот на кој што ги терате работите, јас ќе ја напуштам оваа седница, а вие обезбедете си кворум.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

И моите амандмани со моите колеги, за жал, не беа прифатени, а тоа е тоа, што да правиме.

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, рековте дека и вашите амандмани не се прифатени, меѓутоа, има една голема разлика. Мојот амандман е идентичен со претходниот амандман. И за тоа, зошто не ја отворивте расправата, како што беше за претходните амандмани. Но нема врска тоа, битно е да се донесе квалитетен закон.

Господин Рахиќ е потполно во право, половина час не убедувате, ајде коректно е да влезете и на крајот кога ќе влеземе, сакате да покажете колку сте доминантни. Тоа никаде не не води знаете. Тоа не води напред, но оставете со тој инает. Јас овој амандман го повлекувам, со оглед на тоа што министерот претходниот амандман го усвои, кој што е идентичен со овој амандман. Затоа реков и за претходниот амандман, нека каже дека не се усвојува, заради тоа што веќе е усвоен таков амандман. Но и тоа му е тешко. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега што го повлековте амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 27-А по членот 27, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници.

Излегов овде да дискутирам за овој амандман, кој што го поднесувам.

За да ви биде појасно и вас и на јавноста ќе го прочитам амандманот за што се однесува. Тоа е последниот амандман.

Имено, со измените на законот кои што ги имаме на денешната седница, позитивно е тоа што Министерството предлага да се усогласат со одредени одредби од овој закон, кои што беа во спротивност со Законот за заштита од пушењето.

Ние во Република Македонија во овој период имаме една ситуација каде што една иста материја сосема дијаметрално беше регулирана во два закона. Во законот што е денес за расправа и во Законот за заштита од пушењето.

Имено, според член 35 од постоечкиот закон за безбедност на храната и производите и материјалите кои што доаѓаат во контакт со храната, во Република Македонија беше дозволено рекламирање на цигари, исклучиво на местата каде што се продаваат цигари.

Во законот за заштита од пушењето беше целосно забрането рекламирање на цигари. Позитивно е тоа што сега го прави Министерството да ги усогласи тие два закона. Тоа го поддржувам, иако лично сметам во овој парламент, сум зборувал најмалку 10 пати за оваа проблематика, но никако да сфати ни оваа Влада, ни претходната Влада, ни 1995 година и ќе имаме ситуација таква каква што имаме.

Во Република Македонија сега целосно ќе го забраните рекламирањето на цигари. Тоа е тенденција каде што ја има кај одредени земји од Европската унија. Но, истовремено ќе ви кажам дека во водечките земји на западноевропската унија, рекламирањето на цигари е дозволено.

Втора работа. Сакам отворено да ве прашам, кога ќе имате трки на формула 1, кога ќе се врши преносот, последниот пренос од трката во Монако, на огромни билбордови се рекламира Малборо. На излезинио тунел, за да биде попрецизно, од трката во Монако, цело време стои Малборо. И два часа, сите што ја гледаме трката, на секоја минута и 14 секунди ни излегува Малборо. Ве прашувам сега, дали ќе ги забраните трките од формула 1 во Република Македонија, затоа што во државите како што е Бахраим, сега исто така е дозволено рекламирање на цигари кога е трката. Повторно ќе се рекламираат големите светски брендови. Кого го штитиме. Или му наштетуваме само на домашното производство. Ниедна наша фабрика од Република Македонија не ќе може да пробие нова марка на цигари. Во тоа бидете убедени. Но, во ред ајде и тоа да го прифатиме. Недефинираниот начин на рекламирањето на цигари на продажното место. И при самата продажба на цигари ќе ве доведе до проблем.

Јас овој амандман го поднесов за следново: кога веќе го укинувате членот 35, со кој што во Македонија повеќе нема рекламирање на цигари, ве прашувам, овој закон ќе стапи во сила осмиот ден од објавувањето во “Службен весник”. Ќе ја направите истата грешка, бидејќи го гледам до вас заменикот министер за економија, за она што ви го зборував за пазарите, од реална практика. Затоа ви се случува ова што е сега со пазарите. И тогаш, не сакавте да послушате. Ви кажував дека од сопствено искуство каде да ја правите грешката и сега се соочувате со проблемот, бидејќи донесовте закон кој што е неспроведлив.

Сега да ве прашам, кога ќе стапи осмиот ден овој закон во сила, ќе ги срушите ли сите трафики во Република Македонија? За осум дека сите трафики во Македонија треба да се демонтираат. Физички не е можно.

Јас предлагам амандман, со кој што примената на овој член 35, да се остави простор од 6 месеци за прилагодување. Имате продажни објекти каде што целосно сега се направени, бидејќи досегашниот закон оневозможуваше рекламирање, се направени, градежно изведени со реклама на одредени цигари. Во што е тогаш лошото што јас го предлагам, барем 6 месеци да им оставите да можат тие трафики, објекти, човечки да ги демонтираат луѓето, да не направат штета и да го примениме законот.

Јас ќе ве прашам господине министре, тка се колегите од Прилеп. Над Тутунскиот Комбинат Прилеп, пишува Тутунски Комбинат Прилеп. Има ознаки во Тутунскиот комбинат на цигари кои што се гледаат од надвор.

Вие ако целосно го спроведете законот, сега кој што ќе остане за заштита од пушење, не смеете повеќе да имате име кое што ќе асоција на тутунската индустрија, односно на производството на цигари. Вие не смеете повеќе од задутре, од 8 дена кога ќе влезе овој закон во сила, ракометниот клуб Тутунски комбинат Прилеп, да се вика Тутунски комбинат Бренд. Тоа вака што го правите повеќе не смеете, ако доследно спроведувате закон.На фабриките, во Република Македонија, кои што произведуваат цигари, како ќе го спроведете овој закон, ќе ве молам. Имате сега огромни билбордови, кои што се во рамките на кругот на фабриката, но кои што се гледаат од надвор.

Вие не им давате шанса 6 месеци тие фасади да ги преуредат, да се прилагодат на законот, или пак носите закон кој што ќе влезе во сила, но кој што нема да се применува.

Сметам дека со овој амандман, до колку се прифати, воопшто не се нанесува никаква штета на законот.Воопшто нема законот да биде во спротивност со законите од Евроспката унија. Бидејки и во преговорите со земјите, што станале членки на Европската унија, некои има и до 2011 година постепено да е прилагодуваат по однос на рекламирањето на цигарите и заштита од пушењето.

Убеден сум дека, ако поднесев амандман да остане досегашниот член 35, што е нормално да остане, според мене, дека немаше да го прифатите. Но, да не го прифатите амандманот со што се остава простор на сите субјекти во Република Македонија да се прилагодат на законот, за мене, во најмала рака е нразбирливо.

Уште еднаш ќе повторам, дали после 8 дена ќе ги срушите сите трафики во Република Македонија? Сите трафики горе имаат направено конструкции за рекламирање? Или, ќе направиме тогаш, повторно ќе јаувидиме грешката? Знам дека нема да ве разубедам да го пдоржите овој амандман, но сакам да укажамна проблемите со кои што ќе се соочуваме во овој период за да се спорведе овој закон. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Господине министер, вие имате реплика?

Три минути реплика за министерот за здравство, повелте.

**Имер Селмани:** Благодрам.

Нема да биде реплика, туку ќе биде објаснување на некој начин.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, во тој случај имате збор.

**Имер Селмани:** Затоа што, ќе ми дозволите да не се дефукусира јавноста од она што денеска се носи.

Предлог-амандманот за одредбата 35 се применува во рок од 6 месеци, моела да биде и година и месец дена. Меѓутоа, во суштина не менува ништо во делот на рекламирањетона цигарите, односно тутунот.Од една проста причина што Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето е објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 70 на 3.11.2003 година.

Почитувани пратеници, почитувани граѓани, во член 3 од тој Закон изрично пишува каде се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигари и на тутунската индустрија во дневниот, неделниот и месечниот печат, како и во други списанија на радио и телевизијата, по пат на филмски дијапозитиви, филмови, паноа, табли, налепници и други форми на странски и домашни реклами на јавни места, на објекти и средства за превоз, сообраќај, по пат на светлечки реклами, книги, календари, облека, вклучувајќи и спонзорирање на спортски, културни, забавни и други јавни приредби и манифестации од страна на претпријатијата или други правни лица кои се занимаваат со произвдоство и продажба на тутунски производи. Се забранува индиректно рекламирање на тутун и тутунски производи што носат име на тутунски производи, а не се тутунски производи.

Членот 8 од таа измена на Законот вели:

"Претпријатијата или другите правни лица се должни да го усогласат своето работење според одредбите на овој Закон во рок од 7 месеци од денот на влегувањето во сила овој закон". Значи, ноември 2003 година, плус 7 месеци дополнителни се некаде мај или јуни 2004 година. Тоа значи дека оваа одредба од Законот за забрана на рекламирање и на се она што почитуваниот пратеник Најдовски го кажа требало да се имплементира најдоцна до мај или јуни 2004 година.

Овој амандман, во суштина, не менува ништо. Дали ќе биде осмиот ден, дали шестиот месец или година дена од денот на усвојување на измените на овој Закон што денеска се предлагаат. Од таа причина не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине министре,

Го прочитавте она што ви одговара. И, тоа е точно што го прочитавте. Но, еве таа Влада беше лоша, не го спроведе тој закон. 9-10 месеци сте во оваа Влада, пак не го спроведува. И тогаш им укажував, знаат постарите колеги пратеници овде кои се. И на таа Влада укажував дека законот е неприменлив. Затоа денеска имаме случај, проверете во стенографските белешки, три пати во тој мандат кога бев во парламентарното мнозинство имав предложено измена на тој Закон. И треба да донесеме закон, не Закон за заштита од пушење, туку закон за ограничување на потрошувачката од тутунски производи. Таков е во целиот свет.

Но, во ред, го прочитавте тој дел. Во законов што денеска ни го предлагате, затоа велам дека до сега имаше конрадикторност, прочитајте сите колеги праеници во членовите што ги менуваме. Членот 35 кој вели "рекламирање на тутунски производи, како и нивни заштитинизнаци може да се врши само на местата на нивната продажба". И сега, вие ни предлагате овде да го измениме со член 19, вие сте претставник, да го измениме членот 35. Тој важи сеушт господине министер.

Затоа ви велам јас тој член 35, затоа што никој не можеше да ги казни стопанските субјекти бидејки Законот тоа им го дозволуваше да се рекламираат на продажните места. Сега, вие го менувате овој закон.

Се согласувам, точно е тоа што вие го читате. Но, ова е она што ние го менуваме. Затоа ве молам, кога веќе сега го менуваме, за да се применува овој член треба да го прифатите амандманот. Но, да сме здрави и живи, ќе видиме како ќе се одива работаа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Николовски Александар по однос на говорот на пратеникот Слободан Најдовски, повелте.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Во многу од работите што ги кажа колегата се согласувам и веројатно погрешно ме протолкувал кога говореше. Сакам да кажам две работи.

Првата, дел од аргументие што сакав да ги кажам, веќе ги кажа министерот. Не би сакал да се повторувам.

Но, втората работа, што е многу побитна е концептуална, тоа е на која страна застануваме. Јас мислам дека проблемот со употребата на тутунот, односно цигарите треба да го решаваме и треба да се забрани секаков вид не само рекламирање на цигари на јавни места, туку уште повеќе Законот што го имаме доследно не само да се спроведува, туку можеби да размислиме и за промени на Законот и за зголемвуање на данокот и акцизите на цигари и т.н. и т.н., како би можеле да се бориме против цигарите. Тоа е мое мислење, не мора да го подржуваат сите.

По однос на вториот дел што го спомна колегата, во однос на Формула 1, очигледно сме љубители на истиот спорт, би сакал да го потсетам дека во

голем дел од државите на Европска унија нема рекламирање на цигари. Дека, главниот спонзор во моментов е позната Светска банка што имаше можност да влезе во Македонија, но за жал не влезе, и уште повеќе дека е тренд во сите спортови да се напушта рекламирањето на тутунската индустрија и да влегуваат, на пример, компаниите од информатичката технологија или банките. Случајов го имаме исто така со формула 1, да речеме Интел е голем спонзор, и другите, така што ова се позитивни примери каде треба да се движиме или можеби позитивен пример да Ракометниот клуб во Прилеп не се вика Тутунски комбинат Бренд, туку да се вика Мајкл Софт или Сименс и т.н. и т.н.

Така што разликата е концептуална, одредбата е одлична и мислам дека треба да почнеме не само да го спроведуваме законот, туку заеднички оние кои се согласуваме да побараме да има и поригорозни мерки што треба да се во оваа насока.

А,по однос на аргументацијата дали се подготвени или нема да се подготвени објектите, мислам дека држат и едните и другите аргументи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Добро, господинот Николовски вели дека концептуално се разликуваме, но се што кажав јас, 90% го подржува. Значи, концептуално се разликуваме. Во тоа е разликата. Иако рековте дека поддржувате, од она што го зборував јас, воопшто не подржавте ништо.

Но, едно сакам да ви објснам, дека трките од Формула 1, знаете, рековте дека сме љубители на ист спорт, се селат во држави каде е дозволено рекламирање.

Сакам да ви укажам на едно дека светските брендови и понатаму ќе ги гледаме на телевизија. Но, домашните тутунски производи, посебно новите марки не ќе можете да ги видите никаде. Па затоа, оценете што е позитивно, што е негативно.

Инаку јас, иако сум пушач, морам да викажам дека подржувам секоај борба против пушење и заштита на здравјето. Мој проблем е колкујас ќе си го чувам своето здравје. Но, морам да ви кажам дека начинот на кој приоѓате, не е начин на кој се решава проблемот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Сметам дека се отвори интересна тема, но не сум сигурна дека ова е виситнското место.

Тутунската индустрија е една од најмоќните во светот. Деновиве многу се зборува за она што се случувало со тутунот на Балканот. Се надевам дека тоа еднаш ќе се расчисти.

И во Македонија, точно така.

Токму поради тоа сметам дека ние, како земја која произведува тутун, не е битно во колкава количина и со каков квалитет, но факт е дека огромен број, илјадници земјоделци живеат од тоа. Впрочем еден период Македонија имаше некаков бренд на тутун, на квалитетен тутун, би требало да донесеме сериозна политичка одлука што правиме со тутунската индустрија, дека тоа ќе има силно значење кај земјоделците, но и во Буџетот на државата.

Апсолутно сумсогласна дека треба да се покачи акцизата и данокот, како секаде во светот, но мислам дека сериозно треба да размислиме за забраните во однос на продажбата на тутунот.

Бидејќи, воглавном се дискутираше за членот 35, јас би се задржала на членот 36. Воопшто не ми е јасно зошто тој треба да се избрише. Претпоставувам дека е некакво усогласување со Законот за забрана на пушењето. Но, пак велам, мислам дека оваа тема е специјална тема за дискусија, дека двата закони треба сериозно да се разгледаат, дека сериозно треба да поразмислиме колку во Буџетот се слеваат пари од тутунот и продажба на цигари и од производство на тутун, па дури тогаш да отвориме многу сериозна тема и за Законот за забрана, она што го вели господин Слободан Најдовски за ограничена употреба на тутунот и тутунските производи и да донесеме политичка одлукаи во корист на земјоделците, но и на државата.

Ако ова нависитна е само усогласување на два закони, за што не сум сигурна дека е баш сосема така, можеби е прифатливо да се избрише членот 35 и членот 36, но лично сметам дека премногу остро, во овој момент кога на Македонија и е потребен секој денар во Буџетот, се оди во однос на пушењето. Големи европски земји, носители на дејноста во Европската унија водат сметка за оваа проблематика. Сметам дека и Република Македонија истото да го направи. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салат се присутни 61 праеник, вкупно гласале 53 пратеници од кои 9 гласале за, 5 воздржано, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Прдлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки нема повеќе приајвено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставмана гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, 56 гласале вкупно, 54 гласале за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Овде ја завршуваме денешната расправа, почитувани колеги.

Утре продолжуваме во 11,00 часот со истата седница, а по завршувањето на 49-та седница, продолжуваме со 45-та седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,59 часот).